**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО**

**ДисперзиранистудиивоБитола и Струга**



Никола Димески


# КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ НА ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО ПРАВАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

(МАГИСТЕРСКИ ТРУД)


Битола,2020

**Кандидат:**

Никола Димески 226-II/Б

**Ментор:**

Доц. д-р Мирјана Ристовска

**Членови на комисија**

1. Вон. проф. д-р Светлана Вељановска
2. Доц. д-р Лазе Јаќимоски

**НАУЧНА ОБЛАСТ:**Граѓанско Право, Наследно право

**ИЗЈАВА**

од кандидатот

Изјавувамдекаприизработкатанамагистерскиоттрудгипочитувавпозитивните законскипрописи на Република Северна Македонијаод областана заштитатана интелектуалната сопственост и не користевреченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветниот стил на цитирање. Изјавата ја давампод полна морална, материјална и кривична одговорност.

Изјавил: Никола Димески

____________________

**АПСТРАКТ**

**КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ НА ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО ПРАВАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Луѓето најчесто после својата смрт оставаат наследство кое им следува на неговите наследници врз основа на законот или пак врз основа на тестамент кој лицето го составило. Откако лицето ќе почине следува постапка за расправање на оставина во која за неговиот имот се води расправа преку која се врши утврдување на неговите наследници и целокупниот имот кој лицето го оставило зад себе.

Целта на овој труд е да се разработи постапка за расправање  оставина во Република Северна Македонија како и постапката за расправање оставина во Република Хрватска, со што ќе се направи анализа на двете постапки кои имајќи ги во предвид историските околности се слични. Со самата анализа на оставинските постапки целам кон тоа да се изнајат најдобри решенија кои би можеле да бидат имплементирани во нашето законодавство кое се стреми да биди на ниво на земјите членки на Европската Унија. Од таа причина со анализа и разработка на постапката за расправање на оставина во Република Хрватска која е зејмја членка на Европската Унија, ќе се извлечат искуства и решенија кои би можеле да се импелементираат во нашето законодавство.

**Клучни зборови:** наследно право, постапка за расправање на оставина, нотар,

**ABSTRACT**

**COMPARATIVE REVIEW OF THE INHERITANCE PROCEDURE IN THE LEGAL SYSTEMS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE REPUBLIC OF CROATIA**

Most of the people after their death leave inheritance, which is entitled to their successors based upon the law or a will left by the testator. After a person passes away an inheritance procedure follows in which the legal successors and the inheritance itself are determined that are left by the person that passed away.

The goal of this paper is to deconstruct the inheritance procedure in the Republic of Macedonia as well the inheritance procedure in the Republic of Croatia, from which an analysis will be made of the both procedures that are similar to each other considering the historical context. With the analysis of the inheritance procedures I aim to find the best solutions which could be implemented in our legal system which aims to be on a level of the legal systems of the counters members of the European Union. Because of that, using analysis and deconstruction of the inheritance procedure of the Republic of Croatia which is a member of the European Union, I will use experiences and solutions which could be implemented in our legal system.

**Key words:** inheritance law, inheritance procedure, notary

# Содржина


Вовед ........ 1

ГЛАВА ПРВА ........ 3

ПОСТАПКА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 3

1. Извори, поим и карактеристки на оставинската постапка ........ 3
   - 1.1 Извори ........ 3
   - 1.2 Поим и карактеристики ........ 3
2. Предмет и субјекти во постапката за расправање на оставина ........ 4
   - 2.1 Предмет на постапката за расправање на оставина ........ 4
   - 2.2 Субјекти во постапката за расправање на оставина ........ 5
3. Надлежност ........ 5
4. Надлежносите на нотарот во постапката за расправање на оставина ........ 8
   - 4.1 Правното дејство на решението за наследување и постапка за правни лекови ........ 9
   - 4.2 Враќање на списите од предеметот на оставинскиот суд ........ 10
   - 4.3 Изземање на нотар ........ 12
   - 4.4 Контрола и надзор врз вработењето на нотарот во постапката за расправање ........ 12
   - 4.5 Надоместоци за работата на нотарот според правилникот за нотарска тарифа ........ 13
5. Поведување на постапката за расправање на оставина ........ 15
6. Дејства што и предходат на постапката за расправање на оставина ........ 16
   - 6.1 Смртовница ........ 16
   - 6.2 Попис и процена на оставината ........ 19
   - 6.3 Определување привремени мерки за обезбедување на оставината ........ 21
   - 6.4 Прогласување на тестамент ........ 22
7. Постапување на судот по прием на смртовница ........ 26
   - 7.1 Испитување на надлежноста ........ 26
   - 7.2 Обезбедување на оставина ........ 26
   - 7.3 Постапување во однос на извршителот на тестаментот ........ 27
   - 7.4 Поставување на старател на неродено дете ........ 28
   - 7.5 Одлука да не се води постапка за расправање на оставина ........ 28
   - 7.6 Одлука за издвојување на оставината од имотот на наследниците ........ 29

8. Рочиште за расправање на оставина ........................................................................ 30

8.1 Повикување на рочиште ........................................................................ 30

8.2 Наследничка изјава ........................................................................ 31

8.3 Поведуваљ на постапка во случај на спор за во постапката за расправање на оставина .... 33

9. Елементи и правна сила на решението донесено во постапката за распоравање на оставина 36

9.1 Постапки при спроведувањето на решението за наследување ........................................ 37

9.2 Решение за легат и решение за предавање на оставина на Република Северна Македонија ........................................................................ 38

9.3 Дејство и правна природа на решението за наследување ........................................ 38

10. Наследно правни побарување по правосилноста на решението за наследување ............ 39

10.1 Постапка на судот по наследноправното барање кога доплнително е пронајдено нов имот ........................................................................ 40

10.2 Постапка на судот по наследноправно барање кога е пронајден нов имот ...................... 41

10.3 Постапување на судот по наследноправно барање на лице кое не учествувало во постапката за расправање на оставината, а како наследник полага право врз оставината. ..... 41

11. Правни лекови против одлуките донесени во постапката за расправање на оставината . 42

12. Постапка кога за расправање на оставината е надлежен странски орган .......................... 43

13. Трошоци во постапката ........................................................................ 45

ГЛАВА ВТОРА ........................................................................ 47

ПОСТАПКА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ............................................ 47

1. Општи одредби во врска со постапката ........................................................................ 47

1.1 Правила на постапката ........................................................................ 48

1.2 Докази ........................................................................ 48

1.3 Одлука ........................................................................ 48

1.4 Правни сретстава ........................................................................ 49

1.5 Трошоци ........................................................................ 50

2. Надлежност во постапката за расправање на оставина ........................................................ 50

3. Претходни дејствија во постапката за расправање на оставината ........................................ 51

3.1 Смртовница ........................................................................ 51

3.2 Попис на имотот на оставителот ........................................................................ 53

3.3 Осигурување на оставината ........................................................................ 54

3.4 Предавање и прогласување на тестамент ........................................................................ 56

4. Започнување на постапката ... 59
4.1 Почеток на постапката ... 59
4.2 Мерки кои ги превзема судот за осигуравање на оставината ... 60
4.3 Повикување на извшителот на тестаментот ... 60
4.4 Старател за неродено дете ... 60
4.5 Постапка доколку нема имот или има само подвижен имот ... 61
4.6 Издвојување на оставината од имотот на наследникот ... 61
5. Расправа за оставината ... 62
5.1 Повикување на рочиште за расправа на оставината ... 62
5.2 Повикување на оглас ... 63
5.3 Предмет на оставинска расправа ... 63
5.4 Наследничка изјава ... 64
5.5 Приговор на попис ... 65
5.6 Упатување на парница поради спор ... 65
5.7 Упатување на парница поради спор за право на запис (легат) или друго право на оставината ... 66
5.8 Упатување на парница поради спор за составот на оставината ... 66
5.9 Траење на прекинот кога се упатува на парница ... 67
6. Решение за наследување и запис (легат) ... 68
6.1 Содржина на решението за наследување ... 68
6.2 Достава на решениеза наследување ... 69
6.3 Упис во земјишни книги и предавање на движни ствари ... 69
6.4 Мерки за осигурување кога правото на наследникот или легатар е условено ... 70
6.5 Посебно решение за запис ... 70
6.6 Делумно решение за наследување ... 70
6. Ефектот на правосилно решение за наследување и легат ... 70
7. БАРАЊА НА НАСЛЕДНИЦИТЕ ПОСЛЕ ПРАВОСИЛНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ ... 72
7.1 Дополнително пронајден имот ... 72
7.2 Дополнително пронајден тестамент ... 72
7.3 Нов наследник или легатар ... 72
7.4 Причини за повторување на постапка ... 73
8. Постапка кога е надлежен меѓународен орган ... 73

8.1 Мерки за заштита на домашните наследници, легатари и доверители ... 73
8.2 Задржување на оставина ... 74
9. Положбата на нотарот во постапката за расправање на оставина во Република Хрватска ... 74
9.1 Опсег на надлежности ... 74
9.2 Постапка ... 75
9.3 Рокови ... 75
9.4 Овластувања и должности на нотарот ... 75
9.5 Доделување на предмети ... 76
9.6 Надзор од страна на судот ... 76
9.7 Престанок на работата на нотарот ... 77
9.8 Награда и трошоци ... 77
9.9. Правилник ... 77
ГЛАВА ТРЕТА ... 79
РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ПОСТАПКИТЕ ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ... 79
1. ПОСТОЕЧКИ РАЗЛИКИ ... 79
1.1 Постапката е уредена во различни закони ... 79
1.2 Надлежност ... 80
1.3 Смртовница ... 80
1.4 Попис и процена на имот ... 80
1.5 Обезбедување на оставината ... 81
1.6 Записник ... 81
1.7 Стварни права ... 81
1.8 Рочиште за расправа на оставината ... 81
1.9 Непознат наследник ... 82
1.10 Наследничка изјава ... 82
1.11 Спорни факти ... 82
1.12 Решение за наследување ... 83
ГЛАВА ЧЕТИРИ ... 84
РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНО МЕТОДОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ ... 84
ПРИЛОЗИ ОД ДОКУМЕНТИ ОД ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ... 86
1. ПРИЛОГ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ОД СПРОВЕДЕНО МЕТОДОЛОШКО ИСТРАШУВАЊЕ ... 86

2. ПРИЛОЗИ ОД ПИСМЕНА ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 90

2.1 Образец на смртовница ..... 91

2.2 Предлог за поведување на постапка за расправање на оставина ..... 91

2.3 Предлог за издвојување на предмети на домаќинството во корист на определени лица што живееле со оставителот во исто домаќинство ..... 93

2.4 Предлог од наследник за намалување на делот на брачниот другар на оставителот ..... 94

2.4 Решение за наследување донесено од страна на нотар ..... 95

2.5 Пример за ЗАПИСНИК ..... 98

ЗАКЛУЧОК ..... 103

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 104

# Вовед

Како што знаеме кога имаме постапката за расправање на оставина во неа се расправа, односно се утврдуваат наследниците и самото наследство кое е го оставило починатото лице. Самата постапка се води пред суд, но со воведувањето на норатријатот во Република Северна Македонија, нотарите како повереници на судот ги превземаат оставинските постапки со што се олснува работата на судот.

Самата постапка е вонпарнична постапка што значи дека во неа не постои никаков спор, туку само се потвдруваат наследниците и самото наследство. Постапката која се практикува долг период има свои позитивни и негативни страни, кои можат да се идентификуваат преку разработка на самите законски решенија, како и со примената на постоечкото знаење од експертите по наследно право кои долги години се занимаваат со таа проблематика.

Доколку го земеме во предвид историскиот контекст, Република Северна Македонија и Република Хрватска имаат заедничка историја на поглед на правото. Од тие причини се решив да направам компаративна анализа на двете оставински постапки со цел да се утвдри дали постои можност да се искористат некои законски решенија од постапката за расправање на оставина во Република Хрватска, која е членка на Европската Унија од 2013 година, а со тоа да се постигнат и некои подобри законски решенија во постапката за расправање на оставина во Република Северна Македонија која е држава кандидат за членство во Европската Унија.

Во првата глава, се обработува постапката за расправање на оставина во Република Северна Македонија. Во ова поглавје опширно е објасната целокуопната процедура како всушност се одвива од самото инцирање на постапката до нејзиното завршување како и правните лекови кои постојат во случај да има некакви неправилности или незадоволни странки.

Потоа во второто поглавје се разработува постапката за расправање на оставина во Република Хрватскта која е земена како пример за земја членка на Европската Униија која има европско законодавство и слична правна традиција со нашата држава. Во ова поглавје

исто така самата постапка е анализирана до атом од самото нејзино започнување па се до донесувањето на решение во постапката.

Третатаглава содржи компарација на двете законодавста, одноно постапкатите за расправање на оставина во Република Северна Македонија и постапката за расправање на оставина во Република Хрватска. Во ова поглавје анализирани и споредени се главните разлики кои јас ги воочив помеѓу двете постапки. Од самата споредба се забележува дека разликите се минимални.

Последното, четвртаглава се состои од резултатите кои ги добив при споредување на методолошкото истражување, односно направено беше еден вид на интервју со нотари, при што тие ги изнесоа нивните ставови како стручни лица кои ја водатат самата постапка за расправање на оставината, при што добив увид во примената на постапката за расправање на оставината.

Од овој научен труд очекувам да се добие знаење и информации за тоа дали постапката за расправање на оставината во Република Северна Македонија е ефикасна и согласност со стандардите на членките на Европската Унија.

# ГЛАВА ПРВА

# ПОСТАПКА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Република Северна Македонија утврдувањето на наследиците и на наследството оставено од умрениот се врши преку постапката за расправање на оставина која е утврдено законски во Законот за вонпарничната постапка.

## 1. ИЗВОРИ, ПОИМ И КАРАКТЕРИСТКИ НА ОСТАВИНСКАТА ПОСТАПКА

### 1.1 Извори

Како формални извори на вонпарничната постапка во чиј состав влегува и постапката за расправање на оставината, се Уставот, законите кои се во согласност со уставот, подзаконските акти како и меѓународните договори ратификувани во согласност со уставот.

Како основен формален извор на вонпарничната постапка е Законот за вонпарнична постапка (Службен весник, бр. 9/2008). Со него се уредени општите одредби за вонпарничните постапки. Сепак со овој закон не е се опфатено, па така како извори на постапката се и Законот за парничната постапка (Службен весник, бр. 79/2005), кој е супсидијарен извор. Покрај него други извори се Закон за меѓународно приватно право (Службен весник, бр. 87/2007), Закон за семејство (Службен весник, бр. 80/1992), Закон за наследување (Службен весник, бр. 47/1996), Закон за нотаријат (Службен весник, бр.72/2016) и уште многу други закони.

Од подзаконските акти како извори спаѓаат судскиот деловник, правилни за надомест на трошоците за постапката, награди за судиите поротници и судските преведувачи, адвокатските, нотарските тарифи и сл.

Кога станува збор за фактичките извори на правото како што се судската пракса, мислењата на други органи, обичаите, науката за вонпарничното право, тие не се сметаат како извори на вонпарничната постапка. Но сепак тие имаат одредено влијание.

### 1.2 Поим и карактеристики

Постапката за расправање на оставината е вонпарнична постапка, што претставува постапка со која е со закон регулирана со цел да се овозможи заштита на граѓанските права кај кои не се постапува според одредебите за парничната постапка. Таа претставува когнициска постапка во која судот единствено одлучува според правилата на постапката и тука нема спротиставени интереси, така што нема спор во материјална смисла[1].

## 2. ПРЕДМЕТ И СУБЈЕКТИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

### 2.1 Предмет на постапката за расправање на оставина

Постапката за расправање на оставина како што може да се забележи од самото име на постапката, е посапка со која се расправа за оставината, или како што е наведено во самиот закон „во остапката за расправање на оставина судот ги утврдуванаследниците на умрениот, имотот кој ја сочинува неговата оставина иправата од оставината што им припаѓаат на наследниците, легатарите и надруги лица“[2].

Како што знаеме по самата смрт на едно лице, неговите наследници го стекнуваат наследството во самиот момент на смртта по сила на закон. Сепак за да постои правна сигурност за наследниците на имотот и правата, се превземаат низа други дејства и процедури со кои се потвдруваат нивните права.

За таа цел е формирана наследната постапка преку која се врши формално распределување на оставината која ја оставил оставителот, односно неговиот имот како и правата кои него му припаѓале додека бил жив, но и неговите долгови и обрски како и побарувања кои ги имал кон трети лица. Исто така со самата постапка се утрвдруваат точно кои се наследниците врз кои преминува самата оставина, како и нивните делови одностно кој колку добива, дали пости тестамент, дали оставителот има легат, па доколку има кои се

[1]Граѓанско процесно право – книга втрора вонпарнично право/ Арсен Јаневски, Татјана Зороска – Камиловска, Скопје, 2010
[2]Член 120 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

легатарите. Покрај ова се утрвдува и за трошоците на постапката односно кој ќе ги плати, како и други прашања[3].

## 2.2 Субјекти во постапката за расправање на оставина

Кога станува збор за субјектите на постапката, тоа е едноставно. Законот ги набројува субјектите екплицитно. Така според Закон за вонпарнична постапка субјекти или како што е во самиот закон наведено учесници во постапката за расправање на оставина се наследниците и легатарите и другите лица кои остваруваат некое право наоставината[4].

Во законот не е стриктно напоменато дека учесници се само лицата кои земаат активно учество во самата постапка, па така ако учесници би се сметале сите лица односно наследници, легатари и други лица кои имаат некое право кои се уредно поканети да земат учество во постапката.

# 3. НАДЛЕЖНОСТ

Во поглед на надлежноста во постапката за расправање на оставина, според Законот за вонпарничната постапка надлжноста кога станува збор за државјанин на Република Северна Македонија кој има имот што се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија, постои искчучива надлежност на суд на Република Северна Македонија, односно нотар како повереник на судот[5]. Исто така во законот е наведено дека кога станува збор за подвижниот имот на оставителот кој се наоѓа во странство, постои исклучива надлженост на суд на Република Северна Македонија односно нотар. Но кога станува збор за недвижен имот на државјанин на Република Северна Македонија кој се наоѓа во странство, надлежност има само во случај кога според тамошниот закон надлежност не му припаѓа на странски орган[6].

---

[3]Граѓанско процесно право – книга втрора вонпарнично право/ Арсен Јаневски, Татјана Зороска – Камиловска, Скопје, 2010
[4]Член 125 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[5]Член 126 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[6]Ibid

Во поглед на месната надлежност, законските решенија се следни. Месно надлежен е судот во порачјето каде лицето што починало имало место на живеење т.е. живеалиште, односно престојувалиште во моментот на смртта(forum generale)[7].

Сепак во праксата се случува лицето кое починало да нема трајно живеалиште или престојувалиште. Затоа законодавецот го зел во предвид овој факт и усвоил законско решение. Според кое, кога лицето кое починало немало трајно живеалиште односно престојувалиште во моментот на смртта, месно надлежен суд за расправање на оставината ќе биди судот на чие подрачје лицето има оставина, а неговите наследници поднесле барање за поведување на постапка за расправање на оставина[8].

Иако во праксата не се случува често, постои можност лицето што починало да нема оставина во Република Северна Македонија, но да има оставина која се наоѓа во друга држава. Во тој случај согласно законските решенија месно надлежен суд за поведување на постапка за расправање на оставина ќе биде определен од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија[9].

Во однoст на надлежноста кога имаме случаии со меѓународен елемент, се применуваат одредби од Законот за меѓународно приватно право. Така во тој закон постојат општи одредби за надлежнот во вонпарнична постапка. Имено во законот е наведено дека кога за правен однос се одлучува во вонпарнична постапка, надлежност на судот на Република Северна Македонија постои ако лицето спрема кое е поднесено барање има живеалиште, односно престојувалиште во Република Северна Македонија, а кога во постапката учествува само едно лице - ако тоа лице има живеалиште, односно престојувалиште во Република Северна Македонија, освен ако со овој закон поинаку не е определено[10].

Сепак покрај оваа ошта одредба во Законот за меѓунардно приватно право се дадени одредби за меѓунардна надлежност на суд на Република Северна Македонија за расправање на оставина на македонски државјанин, како и одредби за меѓународна надлженост за расправање на оставина на странски државјанин и лице без државјанство (апартрид).

Согласно законските одредби судот на Република Северна Македонија исклучиво е надлежен за расправање на недвижна оставина на државјанин на Република Северна

[7]Член 129 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[8]Ibid
[9]Ibid
[10]Член 53 од Закон за меѓунардоно приватно право, Службен весник бр. 87/2007

Македонија, ако таа оставина се наоѓа во Република Северна Македонија.Ако недвижна оставина на државјанин на Република Северна Македонија се наоѓа во странство, надлежност на судот на Република Северна Македонија постои само ако според правилата на државата во која се наоѓаат недвижностите не е надлежен нејзин орган.Надлежност на судот на Република Северна Македонија за расправање на подвижна оставина на државјанин на Република Северна Македонија постои ако подвижниот имот се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија или ако според правото на државатаво која подвижниот имот се наоѓа, не е надлежен странскиот орган, односно ако тој орган одбива да ја расправа оставината[11].

Кога имаме случаеви каде оставителот е странски државјанин во законот е наведено дека за расправање на недвижна оставина на странски државјанин исклучиво е надлежен судот на Република Северна Македонија, ако недвижностите се наоѓаат во Република Северна Македонија.За расправање на подвижна оставина на странски државјанин која се наоѓа во Република Северна Македонија, надлежен е судот на Република Северна Македонија, освен ако во државата на оставителот судот не е надлежен за расправање на подвижен имот на државјанин на Република Северна Македонија.Кога не постои надлежност на суд на Република Северна Македонија за расправање на оставина на странски државјанин, судот може да определи мерки за обезбедување на оставината и за заштита на правата спрема оставината која се наоѓа во Република Северна Македонија[12].

Доколку се случи да лицето односно оставителот е апартрид или лице со статус на бегалец, во законот се наведени посебни одредби за такви околности. Така за расправање на недвижна оставина на лице без државјанство, лице чие државјанство не може да се утврди или лице кое има статус на бегалец, исклучиво е надлежен судот на Република Северна Македонија ако недвижноста се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија.За расправање на подвижна оставина на лице без државјанство, на лице чие државјанство не може да се утврди или на лице кое има статус на бегалец, надлежност на судот на Република Северна Македонија постои ако подвижниот имот се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија или ако оставителот во времето на смртта имал живеалиште во Република Северна Македонија.Ако оставителот немал живеалиште

[11]Член 84 од Закон за меѓунардоно приватно право, Службен весник бр. 87/2007
[12]Член 85 од Закон за меѓунардоно приватно право, Службен весник бр. 87/2007

во Република Северна Македонија, сообразно ќе се применуваат одредбите што важат за расправање на оставина на странски државјанин, подразбирајќи ја под странска држава државата во која оставителот во времето на смртта имал живеалиште[13].

## 4. НАДЛЕЖНОСИТЕ НА НОТАРОТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

Со цел да се подобри правниот систем во државава и да се олесни работата на судовите, а воедно и да им се олесни на самите граѓани, во Република Северна Македонија е воведен институтот нотаријат во 1996 година.

Во Законот за вонпарничната постапка постојат одредби со кои се нормира улогата која нотарот ја има во постапката за расправање на оставината. Како што е погоре напоменато надлежност за расправање во оставинскта постапка ја има судот, односно нотарот како повереник на судот. Согласно законските решенија во Законот за вонпарничната постапка претседателот на месно надлежниот суд може, оносно е овластен  оставинските предмети да ги додели на нотар кој е со седиште во подрачјето на судот кој има месна надлежност[14]. Доколку според околностите во подрачјето на судот кој ја има месната надлежност има повеќе од еден нотар, законодавецот изготвил решение така што предметите односно постапувањата по постапка за расправање на оставина се доделуваат рамномерно според азбучен редослед на презимињата на нотарите[15].

Во нивното работење нотарите кога превземаат дејства и донесуваат одлуки во постапка за расправање на оставина истите тие ги основаат врз основа на Законот за вонпарничната постапка[16]. Судот може од некои важни причини, како што се: неможност запостапување на нотарот поради болест или други причини, порадиочигледно занемарување на службените дејствија, како и поради другипричини според оцена на судот, да го одземе од нотарот натамошнотоспроведување на постапката за расправање на оставина, и постапката

[13]Член 86 од Закон за меѓунардоно приватно право, Службен весник бр. 87/2007
[14]Член 131 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[15]Член 135 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[16]Член 132 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

сам да ја спроведеили да му ја довери на друг нотар[17].Ова законско решение постои со цел да се овозможи континуитет на постапката за расправање на оставина со што нема да има попречувања во утрвдувањето на наследниците и на наследството кои им припаѓа нив. За работата на нотарот како повереник на судот, важат истите правила кои важат за судовите[18].

### 4.1Правното дејство на решението за наследување и постапка за правни лекови

Како што погоре наведов, нотарите во својата работа донесуваат одлуки согласно со Уставот и законите. Одлуките ги донесуваат во форма на решение. Против решението на нотарот кој постапува како повереник на судот,дозволен е приговор во рок од осум дена од денот на доставувањето нарешението на учесниците.Приговорот се доставува до нотарот кој е должен без одлагање, нонајдоцна во рок од три дена, заедно со списите да го достави донадлежниот основен суд кој му го доверил постапувањето по оставинскиотпредмет.По приговорот одлучува судија поединец[19].

Ненавремениот, нецелосниот или недозволениот приговор, судот ќего отфрли.Одлучувајќи по приговорот против решението кое го донел нотарот,судот може во целост или делумно решението да го потврди или да гоукине.Кога судот решението делумно ќе го укине или делумно ќе гопотврди, самиот ќе одлучи за укинатиот дел на решението.Против решението на судот со кое решението на нотарот во целостили делумно е укинато, дозволена е жалба во рок од осум дена оддоставувањето на првостепеното решение.Решението по приговорот им се доставува на учесниците и нанотарот.Врз решението на нотарот против кое е изјавен приговор, а судот гоотфрлил, клаузулата за правосилност ја става судот што одлучувал поприговорот.Решението на нотарот против кое не е изјавен приговор еправосилно. Клаузулата за правосилност на ова решение ја става нотарот.Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки вопишувањето и сметањето, ќе ги исправи оној што го донел решението.Исправките ќе се извршат со посебно решение, а на учесниците ќеим се достави посебно решение[20].

---

[17]Ibid
[18]Член 136 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[19]Член 127 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[20]Член 128 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

## 4.2 Враќање на списите од предеметот на оставинскиот суд

Според законските одредби, во точно определени случаеви според Законот за вонпарнична постапка, нотарот ќе му ги врати списите на судот за натамошно постапување. Така постои можност во текот на постапката за расправање на оставина пред нотар се постави прашањето за прогласување на тестамент кој е исчезнат или уништен, незавнисно од волјата на оставителот, без оглед на тоа што помеѓу учесниците на постапката нема спор за постоењето на тестаментот, за формата во која е тој составен како и за неговата содржина, како и за начинот на кој е тој уништен или начинот на кој тој исчезнал, нотарот според закон е должен да ги врати списите од предметот на судот кој е месно надлежен за определениот предемет за кој станува збор, бидејќи прогласувањето на исчезнат или уништен тестамент го врши оставинскиот суд[21].

Исто така нотарот има законска обврска да му ги врати списите на оставинскиот суд во кој е месно надлежен и кој му го доставил предметот на нотарот, дури и кога оставината која нема тестамент би станала сопственост на државата, спогодбата на заинтересираните лица запоранешното постоење на тестаментот, за неговата форма и содржинаважи само во согласност со надлежниот орган за заштита на имотнитеправа и интереси[22].

Друг случај кога е задолжително за нотарот да ги врати списите од предметот на оставинскиот суд е кога помеѓу заинтересираните има лица кои не се во сосотојба и можност да се грижат за своите интереси, па така спогодбата на заинтересираните лица запоранешното постоење на тестаментот, за неговата форма и содржинаважи само во согласност на центарот за социјална работа[23].

Нареден случај кога постои враќање на списите од предемотот е кога нотарот ќе најде дека оставинскиот суд кој му го доделил предеметот за расправње на оставината не е надлежен, па така нотарот му ги враќа списите на оставинскиот суд кој му го доделил предметот за понатамошно постапување на судот[24].

---

[21]Граѓанско процесно право – книга втрора вонпарнично право/ Арсен Јаневски, Татјана Зороска – Камиловска, Скопје, 2010

[22]Член 160 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

[23]Ibid

[24]Граѓанско процесно право – книга втрора вонпарнично право/ Арсен Јаневски, Татјана Зороска – Камиловска, Скопје, 2010

Со законските норми на Република Северна Македонија, се предвидени и други ситуации кога нотарот е должен да му ги врати списите од предметот на оставинскиот суд. Така доколку доверителите на оставителот бараат во законски дадениот рок од три месеци од отворањето на оставината да таа биди одделена од имотот на наследникот, нотарот може да донеси одлука само со согласност на сите учесници во постапката, во спротивно доколку не постои согласност помеѓу учесниците во врска со изземањето на оставината од имотот на наследникот, нотарот е должен списите да му ги врати на оставинскиот суд кој му го доверил предметот[25].

Исто се постапува кога се врши делба на наследството. Правото на делба на наследството е уредено со Законот за наследувањето. Така наследниците може да побараат делба на наследството во секој момент. Тоа може да го направат вонсудски со спогодба или пак на суд во парница доколку не можат да постигнат спогодба. Така доколу се јави прашањето за делба на наследството за време на постапката за расправање на оставината, доколку не постои согласност помеѓу наследниците за начинот на делба, односно се јави спор, нотарот е должен да ги предаде списите од предметот на судот[26].

Друг случај кога имаме враќање на списите од предеметот на оставинскиот суд е во случај кога во текот на постапката за расправање на оставината по барање на наследник кој живеел или стопанисувал во заедница со оставителот да му се остават одредени предмети, движни или неподвижни ствари што би му припаднале во делот на другите наследници, а вредноста на тие предмети да им ја надомести т.е. исплати во пари, не постои согласност помеѓу сите наследници[27].

На крај постои обврска за враќање на списите од предемтот на надлежниот суд во случај кога по правосилното решение со кое постапката е завршена, односно поповод изјавениот приговор, како и во другите случаи кога споредодредбите на овој закон ги враќа списите на судот, нотарот ќе му ги вратисписите на надлежниот суд, а во нотарскиот спис ќе задржи препис насписите[28].

[25]Ibid
[26]Ibid
[27]Ibid
[28]Член 134 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

### 4.3 Изземање на нотар

Во оставинскта постапка нотарот може да биде изземен од постапката. Во однос на изземањето одлучува судот што му ја доверил работата[29]. Кога станува збор за причините за иземање на нотарот од постапката за расправање на оставина законодавецот изрично ги нема наведено. Но според фактот што за нотарите кои се повереници на судот, важат истите правила, логички би било и во однос на изземањето да важат истите правила и за судија. Така нотарот не може да ја врши својата должност доколку ги исполнува условите наведени во член 64 од Законот за парничната постапка.

Во Законот за вонпарничната постапка е наведено дека нотар не смее да ја одбие доверената работа освен во исклучителни случаии наведени во самиот закон. Во однос на орпавданоста за одбивањето да се постапува по предмет одлучува судот кој му го доверил предметот на нотарот. Ако нотарот ја одбие доверената работа или ако судот му ја одземедоверената работа, судот ќе му нареди на нотарот да ги предаде списите.Судот може со глоба да го казни нотарот кој ќе одбие да го извршиналогот на судот или кој ќе одбие да ги предаде списите од доверенатаработа. Во однос на глобата се применуваат одредбите од Законот заизвршување.Против решението за казна, допуштена е жалба до второстепениотсуд, во рок од осум дена од приемот на решението.Против решението на второстепениот суд не се допуштени вонредниправни лекови[30]. Кога станува збор за одбирање на доверената работа, условите поради кои нотарот може во исклучителни околности може да ја одбие доверената работа, не се наведени во законот. Сепак причините поради кои нотарот би одбил постапување по предмет не би се разликувале од причините поради кои нотарот може да биде иземен од постапката по сила на законот, или пак доколку нотарот има тешка болест па не би можел да ја врши својата должност, со што би се одолговлекувала целата постапка.

### 4.4Контрола и надзор врз вработењето на нотарот во постапката за расправање на оставина

[29]Член 136 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[30]Член 138 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

Според Законот за вонпарничната постапка надзор над работата на нотарот во постапката за расправање на оставина има судот[31]. Тоа е логично решение со оглед на фактот дека самиот предмет му го доделува судот, па надзорот и контролата треба да ги врши судот кој му го доделил предмето на нотарот.

Во случај на престанок на работата на нотар или промена наслужбеното седиште на нотар на кој судот му доверил спроведување напостапка за расправање на оставина, ќе се постапи според одредбите на Законот занотаријат, кои се однесуваат на постапката со нотарските списи поупразнување на нотарското место[32].

### 4.5 Надоместоци за работата на нотарот според правилникот за нотарска тарифа

Нотарот е јавна служва, а со самиот факт дека е професија нотарот работи за паричен надоместок. Во законот е наведено дека наградата и трошоците на нотарот како повереник на судот воспроведување на постапката за расправање на оставина се определува така што еднанаграда се однесува на сите преземани дејствија во една оставинскапостапка.Со Правилникот за нотарската тарифа ќе се определи наградата нанотарот за спроведување на постапката за расправање на оставина. Со овој правилник ќе се пропише за кои дејствија нотарот има право на посебна награда(попис на оставината и слично)[33].

Во законот исто така е наведено  кога во постапката за расправање на оставина нотарот постапува како повереник насудот, не се плаќа нотарска такса. Ова законско решение е донесено со цел да се намалат трошоците на граѓаните со што трошоците за оставинскта постапка да бидат приближно исти со трошоците кога постапката се водела пред судовите.

Според правилникот за нотарска тарифа на нотарите за подготовката и составувањето на нотарските акти на нотарот му припаѓа награда според вредноста на предметот на службеното дејствие.[34]

Вредноста на оставината се определува врз основа на изјава на учесниците, податоците за имотот од јавните книги утврдени во самата постапка и податоците кои учесниците му ги предале на нотарот. По барање на некој од учесниците, но на негов трошок, вредноста на

---

[31]Ibid
[32]Член 139 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[33]Член 140 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[34]Правилник за нотарска тарифа

оставината може да ја определи проценител врз основа на закон. За утврдување на вредноста на основачкиот удел и акциите во друштвата се зема нивната номинална вредност. При утврдување на вредноста на чистата оставина, од вредноста на оставината се одбиваат долговите на оставителот, легатите и другите товари, трошоците за пописот и проценката на оставината и други трошоци. Доколкупредлогот за поведување на оставинска постапка се смета за повлечен, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари. За изготвување на решение со кое се отфрла предлогот за поведување на оставинска постапка, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари[35].

За извршените дејствија на нотарот во оставинската постапка како што се: повикување на учесниците на рочиште за спроведување на постапката, донесување на решение, доставување на решение, ставање на штембил за правосилност, како и други дејствија за кои со оваа тарифа не е предвидена посебна награда за нотарот, на нотарот му припаѓа награда во нето износ според вредноста на оставината, и тоа од 480 денари до 2 400 денари. Ако вредноста на оставината го надминува износот од 200.000,00 денари, покрај наградата од 2.400,00 денари нотарот наплатува и по 1% за секој започнат денар преку 100.000,00 денари, но не повеќе од 9.600,00 денари. Ако предмет на оставинската постапка е право на денационализација, за извршените дејствија на нотарот му припаѓа 50% од наградата која е наведена во вториот пасус. За прогласување на тестамент, на нотарот му припаѓа награда во износ од 2.000 денари.Ако настапат услови за прекин на оставинската постапка за дотогаш извршените дејствија од страна на нотарот, на нотарот му припаѓа 50% од наградата која неведена погоре и надоместок за сите дотогаш направени трошоци.Ако по прекинот на оставинската постапка, довршувањето на оставинската постапка повторно му се довери на нотарот, на нотарот му припаѓа награда до полниот износ на наградата од која е погоре наведена и настанатите дополнителни трошоци. За изготвување на дополнително решение за дополнителна утврдена оставина, на нотарот му припаѓа награда според дополнително утврдена вредност на тој дел од оставината. За легат на нотарот му припаѓа награда во зависност од вредноста на легатот. За изготвување само на записник при давање на негативна наследничка изјава на нотарот му припаѓа награда од 500,00 денари. Ако

[35]Ibid

нотарот не ја заврши оставинската постапка на првото рочиште, нотарот може да наплати аванс за трошоци во оставинската постапка, но не повеќе од 3.100,00 денари[36].

## 5. ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

Постапката за расправање на оставина е строго официјална постапака, која се поведува по службена должност ex officio што значи дека судот ја поведува постапката по службена должност штом ќе добие причина за тоа, односно штом ќе почине едно лице[37].

Самиот процес започнува со смртта на едно лице. За ова судот во најчест случај дознава кога ќе му биде доставена смртовница од страна на надлежен матичар, кој извршил упис во матичната книга на умрените. Тој е должен истото да го направи во рок од 30 дена од смртта на едно лице[38].

Исто така постапката се поведува и кога судот ќе дознае т.е. ќе прими правосилно решение со кое исчезнато лице се прогласува за умрено.

Друг начин на кој судот дознава за смртта на едно лице е кога ќе му биде укажано од страна на заинтересираните лица но и од трети лица кои имаат правен интерес да се започне постапка за расправање на оставина на починато или исчезнато лице кое е прогласено за умрено. Со ова укажување од страна на заинтересирано лице, самата постапка останува иста односно постапка која се покренува по службена должност, бидејќи со укажувањето на судот од страна на заинтересирани и/или трети лица на судот му се дава до знаење односно добива сигнал за да ја започне постапката, која поради низа причини како што е закаснување на матичарот или не доставено решение за прогласување на исчезнато лице за умрено, не била започната по нормален терк.

Постапката за расправање на оставината се поведува по службена должност, одноно ex officio. Што значи дека таа се поведува без разлика дали наследниците сакаат или не. Ова законско решение е установено од низа причини. Така доколку му се дозволи на наследиците да ја започнат поспаката со предлог, тоа значи дека таа може да биде запрена по волја на лицето кое го поднесло предлогот едноставно со повлекување на предлогот кој

[36]Ibid
[37]Член 121 од закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[38]Член 142 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

бил доставен до судот. Со ова би се намалила правната сигурност на граѓаните како и би се извршило неисполнување на волјата на починатото лице кога тоа оставило тестамент. Како друга причина за може да е наведи и потенцијалната повреда на правата на доверителите на оставителот, кои доколку постапката би се поведувала по предлог би можеле да бидат изиграни и повредени.

Треба да се знае и да се прави битна разлика помеѓу поведувањето на постапка за расправање на оставина и спроведување на расправа. Така поведувањето на постапката за расправње на оставина е задолжително и судот ја поведува ex officio, додека пак закажување на расправа зависи од низа фактори како што се дали има недвижен имот и слично. Судот односно надлежниот нотар е обрвзан да свика расправа доколку оставителот имал недвижен имот без разлика дали тоа наследниците го сакаат или не. Доколку починатото лице не оставило имот расправа не се свикува, како и кога имотото кој оставителот го оставил зад себе се сосоти исклучиво од движен имот расправа не се закажува, освен доколку тоа наследниците го побараат. Во овој случај постапка може да заврши со решение со кое се запира постапката[39].

## 6. ДЕЈСТВА ШТО И ПРЕДХОДАТ НА ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

### 6.1 Смртовница

#### 6.1.1 Поим

Смртовницата претставува иницијална railcapsisла која му дава на судот до знаење дека треба да се поведи постапка за расправање на оставина. Смртовницата всушност претставува јавна исправа која содржи податоци за смртта на едно лице. Покрај податоците за починатото лице, во смртовницата може да се најдат и други податоци кои се од интерес на самата постапка.

[39]Член 167 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

### 6.1.2 Составување на смртовница

Смртовницата се составува од страна на надлежно лице, односно надлежен матичар, кој го врши уписот на смртта на лицето во матичната книга на умрените. Според законот кога некое лице ќе умре или е прогласено за умрено, матичаротнадлежен да изврши упис на смртта во матичните книги на умрените едолжен, во рок од 30 дена од денот на смртта, да му достави смртовницана оставинскиот суд[40]. Во случај да додека настанат потешкотии при составувањето на смртовницата, така што матичарот не може да ги прибави сите податоци кои се потребни за составување на смртовница, тој сепак е должен да му ја достави на судот смртовницата само со податоците кои успеал да ги прибави, притоа тој треба да наведи и поради кои причини не ги успеал да ја состави смртовницата целосно. Исто така тој е должен да му укаже на судот било какви информации кои би помогнале да се најдат наследниците и имотот[41].

Во случај кога на судот му е доставена нецелосна смртовница или само пак извод од матичната книга на умрените судот е овластен да состави сам смртовница или пак да овласти надлежен матичар да ја состави истата. Судот може, кога тоа е целособразно, сам да состави смртовница инадвор од случајот кој е наведен погоре, ако со изводот на матичнатакнига на умрените или со други јавни исправи е докажана смртта на некоелице или неговото прогласување за умрено[42].

Чест случај е едно лице да почине надвор од подрачјето на општитната во која имало живеалиште, односно престојувалиште. Па од тие причини законодавецот вовел одредба со која матичарот ќе му достави наоставинскиот суд само извод од матичната книга на умрените, како иподатоци со кои располага, а кои можат да послужат за составуање насмртовница[43].

Матичарот е должен да состави смртовница без разлика дали лицето кое починало имало или немало имот во моментот на неговата смрт. Исто така матичарот при составувањето на смртовницата може да користи податоци добиени од роднините на

---

[40]Член 142 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[41]Ibid
[42]Член 143 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[43]Член 142 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

умрениот, од лицата со кои умрениот живеел, како и оддруги лица кои можат да дадат податоци што се внесуваат восмртовницата[44].

### 6.1.3 Содржина на смртовница

Соласно со Законот за вонпарнична постапка, смртовницата треба да содржи определени податоци во врска со починатото лице, наследниците и оставината, од кои некои се задолжителни и некои се факултативни. Покрај овие податоци таа може да содржи и податоци кои би биле од корист за оставинскиот суд, нотарот како и за самата постапка за расправање на оставина и конечното решение донесено во постапката.

Така според законот задолжителни податоци се[45]:

Во однос на починатото лице:

- име, татково име и презиме, на умрениот, а за умрените женски лица и моминското презиме, занимање на умрениот, датум на неговото раѓање, државјанство и ЕМБГ;
- ден, месец и година, а по можност и часот на смртта и местото на смртта;
- место во кое умрениот имал живеалиште, односно престојувалиште.

Во однос на наследниците:

- име и презиме, датум на раѓање, занимање, живеалиште, односно престојувалиште на брачниот другар на умрениот и на неговите деца;
- име и презиме, датум на раѓање и живеалиште, односно престојувалиште на други роднини и лица кои би можеле да бидат повикани на наследство врз основа на закон, како и на лицата кои се повикани на наследство врз основа на тестамент.

И во однос на самиот имот:

- приближна вредност на недвижниот и подвижниот имот на умрениот.

Покрај задолжителните податоци, во смртовницата може да се наведат и други податоци од интерес за самата постапка. Така,во смртовницата, по можност, се внесуаат податоци и

[44]Член 144 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[45]Член 145 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

за местото каде штосе наоѓа имотот што го оставил умрениот,дали има имот за чие држење,чување и пријавување постојат посебни прописи, дали има готови пари,хартии од вредност, скапоцености, штедни книшки или други важнииспрaви, дали умрениот оставил долгови и колку, дали оставил писментестамент или договор за доживотна издршка или спогодба за отстапувањеи распределба на имотот за време на животот и каде тие се наоѓаат, а акоумрениот направил устен тестамент, тогаш и името и презимето,занимањето и престојувалиштето на сведоците пред кои е направен тојтестамент[46].

Во смртовницата посебно се назначува дали се очекува раѓање надете на умрениот, како и тоа дали неговите деца или брачниот другаримаат старател[47].

Ако пред оставителот умрел неговиот брачен другар, неговото дете,или друго лице кое би било повикано на наследство, во смртовницата ќе сеназначи местото и датумот на нивната смрт[48].

## 6.2 Попис и процена на оставината

Според праксата која е воспоставена, најчесто пописот и проценката на имотот на едно починато лице се врши на почетокот од постапката или во самиот тек на истата постапка.

Во законот е наведено дека попис и процена на имотот се врши по одлука на оставинскиот суд,кога не се знае за наследниците или за нивното престојувалиште, коганаследниците се лица кои поради малолетство, душевна болест или другиоколности се неспособни, или се неспособни целосно сами да се грижат засвоите работи, кога оставината треба да се предаде на РепубликаМакедонија, како и во други оправдани случаи[49]. Доколку дојде до извршување на попис и проценка на имотот на починатото лице кога таа е задолжитетлна, пописот и проценката на имотот го врши службеник на судот или нотар. А кога е по барање на заинтересирани лица, пописот и проценката ги врши нотар. Пописот и процената се вршат во присуство на двајца полнолетниграѓани, а кога е потребно и со

[46]Ibid
[47]Ibid
[48]Ibid
[49]Член 146 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

учество на вешти лица.На пописот и процената може да присуствува секое заинтересиранолице[50].

Исто така е наведено дека попис и проценка на имот може да се изврши и во случај кога го бараат тоа наследниците, легатарите или доверителите на починатото лице. Во овој случај не е потребно да судот донесе одлука за тоа[51].

Што се опфаќа пописот на имотот? Во законските решенија е наведено дека во пописот се бележува сиот имот на умрениот што го имал во посед вомоментот на неговата смрт, имотот што му припаѓал на умрениот, а сенаоѓа кај друго лице, при што се назначува кој имот кај кого се наоѓа и покој основ, како и имотот што во моментот на смртта го имал умрениот и закој се тврди дека е негова сопственост.Во пописот се забележуваат побарувањата и долговите на умрениот,а посебно неплатените даноци и други давачки[52].

Во самиот закон е наведено дури и на каков начин се извршува пописот на имотот. Така подвижните предмети се попишуваат според видот, родот, бројот,мерата и тежината или поединечно.Недвижностите се попишуваат поединечно со назначување наместото каде се наоѓаат, културата на земјиштето, податоците од јавнитекниги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и другитекатастарски податоци[53].

Кога се врши пописот на имотот, паралелно со него се врши и проценката на имотот, при што со самата проценка одделно се наведува вредноста на движните и недвижните ствари кои влегуваат во состав на оставината на починатото лице[54].

Во случај да пописот и процената не го врши судски службеник туку нотар, истиот е должен да податоците од пописот и процената ги достави до месно надлежниот оставински суд[55].

При самиот процес на попис и процена на оставината може да се затекнат предмети за чие држење, чувањеили пријавување постојат посебни прописи, по извршениот попис со нивќе се постапи според тие прописи[56]. Тука станува збор за предмети кои се регулирани

---

[50]Член 150 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[51]Член 146 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[52]Член 147 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[53]Член 148 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[54]Член 149 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[55]Член 151 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[56]Член 152 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

со прописи од областа на зашитита на споменици на културата и придодните реткости, музејски предмети, оружје и муниција, благородни метали, наркотични сретства и друго.

### 6.3 Определување привремени мерки за обезбедување на оставината

Во праксата мошне често е наследниците на оставината се луѓе кои не се во состојба да се грижат за остварување на своите права било тоа дас е малолетиници за чии права не се грижат родителите или пак лица со одземена деловна спосоност, и дуги лица кои не се во можност да се грижат за остварување на своите права. Поради овие причини, а и водејќи се од законските начела, законодавецот усвоил законски решенија со кои ќе им се овозможи на горенаведените категории на лица да си ги остварат своите права.

Овие мерки најпрво ги донесува надлежен орган на управата, кој потоа го извесува судот кој е месно надлежен. Ако се утврди дека ниту еден од присутните наследници не еспособен да управува со имотот, а нема законски застапник, или аконаследниците се непознати или се отсутни, како и кога други околностиналожуваат посебна претпазливост, надлежниот орган на управата во итнислучаи имотот или дел од него ќе го предаде на чување на доверливолице, за што веднаш ќе го извести судот на чие подрачје се наоѓа тој имот.Судот може оваа мерка на органот на управата да ја измени или да јаукине[57].

Готовите пари, хартиите од вредност, скапоценостите, штеднитекнишки и важните исправи, веднаш се предаваат на чување на судот начие подрачје се наоѓа тој имот[58]. Во однос на чувањето во суд на пари, харитии од вредност, исправи итн, во Законот за вонпарнична постапка има посебни одредби кои го нормираат самиот процес, и тоа во однос на исправи од член 286 до член 294 и во однос на судски депозит од член 295 до член 308 од гореспоменатиот закон.

[57]Член 153 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[58]Член 154 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

### 6.3.1 Поставување привремен старател на оставината

Како една од мерките кои судот ги превзема во однос на обезбедувањето на оставината е поставувањето на привремен старател на оставината. Во Законот за вонпарничната постапка е наведено дека ако се оцени дека според овој закон е потребно поставување на привремен старател на оставината, старателот ќе го постави оставинскиотсуд.Пред поставувањето на привремениот старател, судот ќе побарамислење за личноста на старателот од лицата кои се повикани нанаследство[59].

Исто така во Законот за наследувањето постои одредба во однос на привремениот старател на оставината. Така според овој закон Кога наследниците се непознати или се со непознато престојувалиште,како и во други случаи кога е тоа потребно, судот ќе постави привременстарател на оставината кој ќе ги застапува наследниците.За поставување на привремен старател судот ќе го извести органот настарателството, кој може да постави друг старател.Кога судот со решение за наследување ќе огласи за наследник лице сонепознато престојувалиште, неговиот дел од оставината ќе му го предадена старател определен од Центарот за социјална работа во смисла наодредбите од Законот за семејството[60].

### 6.4 Прогласување на тестамент

Посапката за прогласување на тестамент е едно од дествијата кои предходат напостапката за расправање на оставина. Прогласувањето на тестаментот се врши на почетокот на постапката за расправље на оставината, односно пред самото расправање за оставината. Ова законско решение е со причина бидејќи постои разлика помеѓу наследувањето врз основа на тестамент и наследувањето врз основа на законот. Доколу тестаментот не е во чување на судот, судот дознава за неговото постоење од податоците од смртовницата или пак од заинтересирани лица.

Доколку едно лице остави зад себе тестамет со кој тој го распределува својт имот, тестаментот се носи на суд за да се прогласи[61].

---

[59]Член 154 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[60]Член 126 од Закон за Наследувањето, Службен весник бр. 47/96
[61]Член 155 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

Судот на кого му е предаден или кај кого се чува тестаментот, когаќе утврди дека неговиот составувач е умрен или прогласен за умрен, едолжен да го отвори тестаментот, без да го повреди печатот, да го прочитаи за тоа да состави записник. Со тоа тестаментот е прогласен.Судот ќе го прогласи тестаментот без оглед на тоа далитестаментот е полноважен според закон и без оглед дали има повеќетестаменти од истото умрено лице[62].

Самата постапка се врши во присуство надвајца полнолетни граѓани, кои можат да бидат и од редот наноследниците.При прогласувањето на тестаментот можат да присуствуваатнаследниците, легатарите и другите заинтересирани лица и да бараатпрепис од тестаментот, односно од записникот за прогласување натестаментот[63].

Кога се врши прогласување на тестаментот судот води записник чија содржина е нормирана со Законот за вонпарничната постапка. Така во записникот влегува[64]:

1) колку тестаменти се најдени, каде се најдени и кои датуми ги носат;

2) кој го предал тестаментот на судот или на составувачот на смртовницата;

3) сведоци што присуствувале на прогласувањето на тестаментот;

4) дали тестаментот е предаден затворен или отворен и со каков печат бил запечатен и

5) содржина на тестаментот.

Во самата постапка битно е да се внимава и тоа дали тестаментот е повреден или дека во тестаментот нешто е бришано, прецртувано или исправано или ако се најде нешто друго сомнително што би ја довело во знак прашалник полноважноста на тестаментот (иако судот не внимава по службена должност за полноважноста). Доколку се забележат некои аномалии како погоренаведените, истите задолжително се бележат во записникот што го води судот[65].

Ако при отворањето на тестаментот се забележи дека печатот е, сето тоа се наведуваво записникот.

[62]Член 156 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[63]Ibid
[64]Член 157 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[65]Ibid

Записникот го потпишуваат судијата, записничарот и сведоците.На прогласениот тестамент судот ќе стави потврда дека е прогласен,ќе го назначи датумот на прогласувањето и ќе го означи бројот и датумотна другите тестаменти што се пронајдени и прогласени[66].

Доколку тестаментот кој завештателот го оставил зад себе е устен тестамент се постапува различно и тоа во зависност дали за усниот тестамент постои исправа, односно заверена писмена изјава за она што завештетелот усно го соопштил како последна изјава на волја која е заверена и потпишана од сведоци, или доколку таква изјава не постои.

Во случај да завештателот направил устен тестамент, а за него постои заверна изјава која е потпишана од сведоците своерачно, се постапува исто како да постои писмен тестамент, односно се применуваат погоре споменатета постапка за писмен тестамент[67].

Доколку за усно дадената изјава на завештателот не постои заверена изјава која е потпишана од сведоци, оставинскиот суд постапува така штто ќе изврши сослушување на сведоците пред кои е дадена такава изјава и тоа ќе постапи со сослушување на секој поединечно и тоа за содржината на тестаментот, а особено за околностите кои се битни за неговата полноважност. За изјавите на сведоците судот составува записник, кој подоцна ќе го прогласи (како тестамент) според одребидите за прогласување на писмен тестамент[68].

Ако учесникот бара сведоците на усниот тестамент да се сослушаатпод заклетва или ако судот оцени дека таквото сослушување е потребно,ќе определи рочиште за сослушување на овие сведоци.На рочиштето се повикуваат и предлагачите, а другитезаинтересирани лица само ако со тоа не се одолжува постапката[69].

### 6.4.1 Постапка во оснос на исчезнат или уништен тестамент

Доколку тестаментот кој завештателот го оставил зад себе е уништен или исчезнат, под одредени околности може сепак да биди прогласен. Тоа се врши по барање на учесник на постапката за расправање на оставина кој тврди дека починатото лице оставило тестамент.

Во случај тестаментот да е уништен или исчезнал без волја на завештателот а меѓу заинтересираните лица нема спор запостоењето на тестаментот, за формата во која тој е

---

[66]Ibid
[67]Член 158 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[68]Ibid
[69]Ibid

составен и неговатасодржина, како и за начинот како исчезнал или бил уништен, судоттаквиот тестамент, откако ќе ги сослуша заинтересираните лица и понивните предлози ќе ги изведе потребните докази ќе состави записник, којќе го прогласи според одредбите што важат за прогласување на писментестамент[70].

Ако оставината, кога нема тестамент, би станала сопственост наРепублика Северна Македонија, спогодбата на заинтересираните лица запоранешното постоење на тестаментот, за неговата форма и содржинаважи само во согласност со надлежниот орган за заштита на имотнитеправа и интереси[71].

Единствено надлежен суд кој можи да изврши прогласување на исчезнат или уништен тестамент е оставинскиот суд[72].

### 6.4.2 Постапка во одос на доставување и чување на прогласен тестамент

Битно е да се напомени дека постојат посебни одредби во врска со чување и доставување на прогласен тестамент. Постапката зависи од тоа кој суд го прогласил тестаментот, односно дали судот пред кој се расправа оставината го прогласил тестаментот или пак друг суд пред кој не се расправа оставината го прогласил тестаментот.

Така во законтот е наведенодека кога прогласувањето на писмениот или усниот тестамент го врши судкој не е оставински суд, тој суд записникот за прогласување натестаментот заедно со изворниот писмен тестамент, односно со исправатаза устен тестамент, ќе му ги достави на оставинскиот суд, а кај себе ќезадржи препис од нив[73].

Во однос на оригналните односно изворниот писмен тестамент како и исправата за усниот тестамент,записникот за сослушување на сведоците на усниот тестамент, се чуваатво судот посебно од другите списи, а нивниот заверен препис сеприложува кон списите[74].

[70]Член 160 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[71]Ibid
[72]Ibid
[73]Член 159 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[74]Ibid

## 7. ПОСТАПУВАЊЕ НА СУДОТ ПО ПРИЕМ НА СМРТОВНИЦА

Со приемот на смртовницата, судот превзема низа дејства со цел да се овозможи постапката за расправање на оставина да течи без никакви пречки. Првото дејствие кое суодт го превзема по приемот на смртовницата е испитување на својата надлежност. После тоа следат други дејства како што се мерки за обезбедување на оставината, повикување на извршител на тестаментот доколку тестаторот именувал таков, во случај да се очекува раѓање на дете кое би било повикано на наследство, судот врши известување на центарот за социјала работа, да донесе одлука дали ќе се вори постапка а расправање на оставината, да донесе одлука да не се води постапка за расправање на оставина, како и да донесе одлука за издвојување на оставина доколку овластено лице го побара тоа.

### 7.1 Испитување на надлежноста

Согласно законот судот прво нешто што е должен да направи откако ќе ја прими смртовницата е да изврши испитување дали е надлежен. Така ако судот најде дека е ненадлежен за расправање на оставината,смртовницата и другите списи ќе ги достави до надлежниот суд[75]. Во однос на ненадлежноста, судот може да биди како и месно така и стварно ненадлежен. И во двата случаии судот треба согласно законските одредби да се прогласи за ненадлежен и предметот да го достави до надлежниот суд.

Во случај судот да при испитување на својата надлежност, дојде до заклучок дека е надлежен странски орган, со решение ќе се огласи за ненадлежен и ќе постапи според одребите за постапка за расправање на оставина кога е надлежен странски орган[76].

### 7.2 Обезбедување на оставина

[75]Член 161 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

[76]Ibid

Како што елаборирав погоре, судот во рамките на дејствата што и предходат на постапката за расправање на оставината, може да превземи низа мерки  за обезбедување на оставината доколку оцени дека тоа тоа е потребно.  Односно судот може да нареди мерки за обезбедување наоставината во текот на целата постапка за расправање на оставината[77]. Така судот може да нареди да се изврши поставување на старател на оставината, да одлучи имотот да се даде на чување на доверливо лице, да се превземат соодветни мерки на обезбедување на пари, хартии од вредост, скапоцени камења и слично. Овие мерки имаат привремен карактер. Законодавецот ги предвидел овие мерки со цел да се овозможиимотот на починатот лице да остане заштитен кога нема лице способно да се грижи за него или пак кога постои можност  имотот да биде разграбени и значително намален. Мерките се превземаат на предлог на наследниците или пак други заинтересирани лица како што се доверителите на починатиот и легатарит.

### 7.3 Постапување во однос на извршителот на тестаментот

Согласно Законот за наследувањето, завештателот може со тестамент да определи едно или повеќе лица заизвршители на тестаментот.Извршител на тестамент може да биде секое деловно способно лице.Лицето определено за извршител на тестаментот, не мора да ја прифатитаа должност[78]. Исто така доколку завештетелот има именувано повеќе извршители на тестаментот тие ги вршат заедноделоверените должности, освен ако завештателот поинаку не определил[79].

Доколку завештателот именувал извршител на тестаментот, судот е должен за тоа да го извести, при тоа тој определува рок во кој лицето кое именувано за извршител на тестаментот е должно да се изјасни дали ја прифаќа таа должност[80]. Судот законски е обврзан да го повика лицето именувано за извшител на тестаментот и од тоа судот не смее да отстапи.

Судот може, по предлог или по службена должност, да го отповикаизвршителот на тестаментот ако неговата работа не е во согласност соволјата на завештателот или со

[77]Член 162 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[78]Член 113 од Закон за наследувањето, Службен весник бр. 47/96
[79]Член 114 од Закон за наследувањето, Службен весник бр. 47/96
[80]Член 163 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник, бр. 9/2008

законот[81]. При тоа судот нема законски овластувања да може да именува друг извршител на тестаментот.

### 7.4 Поставување на старател на неродено дете

Во европското континентално право, каде и влегува македонското право постои институтот nasciturus. Институтот nasciturusводи потеклон од старото римско право. Имено nasciturusзначи оној што треба да се роди (латински), означува човечко суштество од моментот кога тоа е зачнато се до моментот на раѓањето. Во римското право има одредба која вика *Nasciturus pro iam nato habetur, quotiens de commodis eius agitur,* што во превод значи, еден се смета дека е роден и пред да се роди, бидејќи е во негов интерес. Имено овој принцип се применува и во наследното право така што неродено дете се смета како наследник на починатото лице, под услов да се роди жив и да има човечки облик[82].

Доколку се очекува раѓање на дете кое би било повикано на наследство,оставинскиот суд дожен е да го извести за тоа центарот за социјална работа даоцени дали неговите интереси треба да ги застапува родителот или ќеназначи старател[83].

Во случај да центарот за социјална работа не се изјасни во дадениот рок односно 30 дена по приемот на известувањето од судот, односно не определи старател на неродeното дете, за правата на тоа дете ќе се грижи еден од неговите родители[84].

### 7.5 Одлука да не се води постапка за расправање на оставина

Како што знаеме, постапката за расправање на оставина е строго официјална постапка и единствено може да се поведи по службена должност, а не со предлог. Но не е задолжително во оваа постапка да се води рочиште за расправање на оставината и воедно донесување на решение за наследување. Единствено во случај кога во состав на оставината влегува и недвижен имот, судот е должен да поведи постапка за расправање на оставина. Па така ако од податоците од смртовницата се гледа дека умрениот неоставил имот,

[81]Член 116 од Закон за наследувањето, Службен весник бр. 47/96
[82]Граѓанско применето право (наследно право)/ Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов.- Скопје :Блесок, 2011
[83]Член 164 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[84]Ibid

оставинскиот суд ќе одлучи да не се води постапка зарасправање на оставината. Исто така во случај да оставителот оставил во наследство само подвижен имот, а ниту едно од лицатаповикани на наследство не бара да се спроведе расправа, судот ќе донесе решение со кое ќе одлучи да не се спроведи постапка за расправање на оставина[85].

Кога меѓу наследниците има лица кои не се способни сами да сегрижат за своите права, а немаат родители, судот е должен кога ќе одлучида не се расправа за оставината, да го извести за тоа центарот засоцијална работа[86].

Битно е да се напомени дека во ваков случај кога судот ќе донеси одлука за да не се води постапка за распределба на имот, имотот на починатот лице не останува нераспределен. Така во ваков случај наследниците сами меѓусебе ќе определат што на кого ќе му припадне. Во случај да не може да дојди до меѓусебна спогодба, можи да побараат од судот да спроведи постапка за расправање на оставината.

## 7.6 Одлука за издвојување на оставината од имотот на наследниците

На барање на наследниците може да се извши издвојување на оставината од имотот на наследниците[87]. Како што горе е напометато, постапката за издвојување на оставината од имотот на наследиците е привремена мерка за обезебедување на оставината, но самото издвојување не е привремена мерка. Судот, откатко ќе се изврши издвојувањето може да именува лице кое ќе ја чува оставината.

Одделувањето на имтот од оставината е исто така регулиран и со Законот за сопственост и други стварни права. Така во законот е наведено дека: доверителите на оставителот можат да бараат во рок од три месеци од отворањето на наследството, оставината да се оддели од имотот на наследникот.Во тој случај наследникот не може да располага со предметите и правата од оставината ниту неговите доверители можат од нив да се наплатат, додека не се наплатат доверителите кои барале одделување.Доверителите на оставителот кои го барале ова одделување можат да ги наплатат своите побарувања само од средствата на оставината.На одделената оставина судот може да и постави старател[88].

[85]Член 165 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[86]Ibid
[87]Член 166 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[88]Член84 од ЗСДСП, Службен весник бр. 18/01, 99/08, 139/09 и 35/10.

## 8. РОЧИШТЕ ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

Доколку е потребно, односно задолжително според законот, судот закажиува рочиште за расправање на оставината. Освен во случај да е задолжително спред закон, судот може да свика рочиште за расправање на оставината иако е на тоа тој не обврзан  и по барање на некое од лицата кои имаат интерес. Рочиштето се спроведува во усна форма.

Судот закажува рочиште кога ќе утврди дека починатото лице имало наследници и кога во склоп на оставината влегува имот кој е недвижен. На рочиштето судот а воедно и странките должни се да превземат дејства со кои ќе овоможи расправање на оставината, наследните права, легати, големината на наследните делови итн.

Судот за време на постапката составува записник. Бидејќи во Законот за вонпарничната постапка не постојат одредби во однос на текот на самата постапка како и за записникот, се применуваат соодветните одредби од Законот за парничната постапка.

На рочиштето за расправање на оставината судот расправа за ситепрашања кои се однесуваат на оставината, а особено за правото наназледство, за големината на наследниот дел на секој наследник и заправото на легат.За овие прашања судот одлучува откако, по правило, ќе земе изјаваод заинтересираните лица.За правото на лицата кои не дошле на рочиште, а се уредноповикани, судот ќе расправа врз основа на податоците со кои располага,земајќи ги предвид нивните писмени изјави што ќе стигнат додонесувањето на одлуката[89].

Согласно законот за нотаријат, потребно е при расправањето на оставината, задолжително да е присуството на адвокат во својство на полномошник за секој од учесниците[90].

### 8.1 Повикување на рочиште

[89]Член 171 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[90]Член 147 од Закон за нотаријат, Службен весник бр. 72/2016

Судот на рочиштето заинтересираните лица ги повикува со покана[91]. Во заинтересирани лица спаѓаат наследниците, лицата кои можат да бараат издвојување на оставината, легатари, доверители итн.

Во поканата судот ги известува овие лица за поведувањето напостапката и за постоењето на тестамент, ако таков има. Истовремено, сопоканата судот ќе ги повика лицата да му достават писмен тестамент,односно исправа за устен тестамент, ако се наоѓа кај нив или да ги посочатсведоците на усниот тестамент.Во случај умрениот да оставил тестамент, судот ќе ги повика нарочиште и оние лица кои според законот би можеле да полагаат право нанаследство.Ако умрениот поставил извршител на тестаментот, судот ќе го повикана рочиштето и него[92].

Ако на судот не му е познато дали умрениот има наследници, сооглас ќе ги повика лицата кои полагаат право на наследство да се јават ворок од една година од денот на објавувањето на огласот.Огласот се објаува во "Службен весник на Република Северна Македонија" исе става на огласната табла на судот.На ист начин судот ќе постапи и кога на наследникот му е поставенпривремен старател поради тоа што не е познато неговото живеалиште,односно престојувалиште, а тој нема свој полномошник, како и тогаш коганаследникот или неговиот законски застапник се наоѓаат во странство, атој нема свој полномошник, така што доставувањето не можело да бидеизвршено.По истекот на рокот од една година од објавувањето во "Службенвесник на Република Северна Македонија", ако заинтересираните лица не се јавати не ја даваат потребната изјава, судот ќе ја расправи оставината врзоснова на изјавата на старателот и податоците со кои располага[93].

## 8.2 Наследничка изјава

Наследничката изјава претставува едно од најважните дејствија кои се превземаат во текот на целата постапка за расправање на оставина. Со неа фактички лицето кое е наследник врши прифаќање на наследството или пак откажување од истото. Наследничјата изјава се дава пред оставинскиот суд, а може да седаде и пред секој друг основен суд, а во

[91]Член 167 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[92]Ibid
[93]Член 168 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

странство наследничка изјава седава пред дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија, или пред овластен орган на странската држава[94].

Наследникот, изјавата која ја дава пред судот или друг надлежен орган може да биди или позитивна или негативна. Тоа значи доколку изјавата е позитивна имаме прифаќање на наследството од страна на наследникот. Доколку изјавата е негативна, имаме откажување од наследството[95]. Со наследничката изјава наследникот изјавува дали го прифаќа наследниот дел кој му следува било законски или пак врз основа на тестамент односно се откажува од истиот, или пак може да се изјавува во врска со нужниот наследен дел[96].

Наследничката изјава со која наследникот се откажува од наследството се дава на записник пред судија, а во дипломатско-конзуларното претставништво на РепубликаМакедонија пред лице најмалку со ранг на конзул[97]. Во законот во однос на давањето на негативна наследничка изјава нотарот воопшто не е спомнат. Во правната средина и меѓу стручните лица постои консензус дека одредбата треба да се толкува пошироко, односно дека негативната наследничка изјава треба да се дава и пред нотар. Ова толкување е во согласост со законското решение со кое нотарите се сметаат како повереници на судот, односно се овластени да ги спроведуваат сите дејства во постапката за расправање на оставината кои ги спроведува судот.

Позитивната наследничка изјава која ја дава наследникот се дава во суд пред самостоенсудски советник, пред судски советник и стручен соработник, или кајнотар, а во дипломатско-конзуларното претставништво на РепубликаМакедонија во странство пред лице најмалку со ранг на конзул[98].

Наследникот изјавата ја дава лично, но во случај лицето да не е способно, односно му е одземена деловната способност или пак сеуште ја нема стекнато, изјавата ја дава неговиот законски застапник. Изјавата можи да се даде и од страна на полномошник согласно законските одредби со кои учесниците во постапката дејствијата ги преземаат лично, прекуполномошник или законски застапник, согласно со Законот за парничнатапостапка[99]. Доколку изјавата се дава со полномошник, потребно е да полномошното биде специјално,

---

[94]Член 169 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[95]Член 170 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[96]Ibid
[97]Ibid
[98]Ibid
[99]Член 3 од Закон за вопарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

што значи дека треба да биди точно наведено дека полномошникот можи да дава ијзава во име и за сметка на властодавецот.

Наследникот неговата изјава мора да ја потпиши лично. Доколку тој тоа не можи сам да го направи го прави тоа неговиот законски застапник. Потписот на наследничката изјава која не е даденапред суд, пред нотар или пред дипломатско-конзуларно претставништво наРепублика Северна Македонија во странство, како и потписот наполномошното за да се даде наследничка изјава, мора да биде заверена однотар. Полномошното со кое се овластува адвокат да даде негативнанаследничка изјава, не треба да биде заверено од нотар[100].

Кога наследникот дава негативна наследничка изјава, односно се откажува од наследството, тој тоа можи да го направи во свое име или и во името на своите потомци. Правните последици се да кога наследникот се откажува без да наведи дека тоа е во свое име, тогаш откажувањето се однсесува и на неговите наследници. Со тоа тие немаат право на наследството. Затоа во законот е наведено дека при давањето на изјава со која се откажува од наследство,наследникот мора да биде поучен дека може да се откаже од наследствосамо во свое име или во името на своите потомци[101].

За изјавата со која од наследство се откажува законскиот застапник,мора да има согласност од центарот за социјална работа.[102]

Наследничката изјава за прифаќање на наследство или заоткажување од наследство, не мора да биде дадена во присуство надругите заинтересирани лица и не е потребно во сите случаи на тие лицада им се даде можност да се изјаснат за изјавата на другитезаинтересирани лица[103].

Изјавата наследниците треба да ја дадат со своја волја слободно и без никакви закани и присилувања. Во случај да изјавата биди дадена под присила и закана или пак во заблуда, постои можност да се бара нејзино поништување.

Наследничката изјава еднаш кога е дадена не можи да се отповика истата.

### 8.3 Поведувањ на постапка во случај на спор за во постапката за расправање на оставина

[100]Член 170 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[101]Ibid
[102]Ibid
[103]Член 171 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008

Во самиот тек на постапката постои можност да при расправањето за оставината помеѓу самите наследници да настане спор за определени факти. Така спорот кој може да настане може  да се однесува на спор во врска кое право треба да се применува, правото на легат или некои други права во врска со оставината. Во зависност од спорот, судот постапува соодветно.

### 8.3.1 Спор за факти

Меѓу учесниците во постапката за расправање на оставина може да настане спор кој се однесува на некои факти од кои зависат правата на учесниците. Во тој случај судот ќе го прекине расправањето на оставината и учесниците гиупатува да поведат парнична, односно управна постапка, ако меѓуучесниците настане спор за фактите од кои зависи некое нивно право[104]. Во законот е точно наведено за кои факти може да настане спор(сепак меѓу учесниците можи да настани спор и во врска со други факти кои не се наброени во законот). Така имаме факти[105]:

- од кои зависи правото на наследство, полноважноста или содржинатана тестаментот или односот на наследниците и оставителот врз основа накои се наследува според закон;
- од кои зависи основаноста на барањето на преживеаниот брачендругар и на лицата кои со оставителот живееле во трајна заедница, даим се издвојат од оставината предметите за домаќинство што служат зазадоволување на секојдневните потреби;
- од кои зависи големината на наследниот дел, а особенопресметувањето на наследниот дел;
- од кои зависи основаноста на исклучувањето на нужнитенаследници или основаноста на причините за недостојност и
- за тоа дали некое лице се откажало од наследство.

Ако во наведените случаи нема спор за факти, а спорот меѓуучесниците е за примена на право, правните прашања ќе ги расправиоставинскиот суд[106].

---

[104]Член 173 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[105]Ibid
[106]Ibid

### 8.3.2 Спор за правото на легат или за други право на оставината

Доколку за време на расправата настане спор помеѓу учесниците во постапката за расправање на оставина во врска со правото на легат, судот ќе ги упати да поведат парнична, односноуправна постапка, но нема да го прекине расправањето на оставината[107]. Во овој случај постапката не се прекинува бидејќи ова е издвоено прашање, а со тоа не е потребно прекин на постапката.

Во законот постои одредба во однос на спорни факти дека ако меѓу наследниците настане спор за факти или за примена направо, судот ќе го прекине расправањето на оставината, а учесниците ќеги упати да поведат парнична, односно управна постапка во следнивеслучаи, ако[108]:

- меѓу наследниците постои спор за тоа дали некој имот влегува вооставината и
- меѓу наследниците е спорно барањето на лицата, кои со оставителот живееле во заедница да им се издвои од оставината дел кој одговара на нивниот придонес во зголемувањето на вредноста на имотот наоставителот.

Во овој случај судот е должен да ја прекине постапката и да почека парничниот суд или управниот суд да донеси одлука, во постапка која наследниците треба да ја поведат пред тие органи.

Судот ќе го упати да поведе парнична, односно управна постапкаоној учесник чие право го смета за помалку веројатно.Судот при прекинувањето на постапката ќе одреди рок кога треба дасе поведе парнична, односно управна постапка[109]. Во законот, како што е наведено судот го определува рокот во кој лицето треба да ја поведе соодветната постпака. Согласно со законските оредби од Законот за вонпарнична постапка судот со решение ќе ги упати учесницитево определен рок, не подолг од 30 дена од денот на доставувањето нарешението да поведат парнична, односно управна постапка за утврдувањена тоа право или правен однос[110].

[107]Член 174 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[108]Член 175 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[109]Член 176 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[110]Член 27 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

Ако учесникот постапи според решението на судот, прекинот напостапката ќе трае додека парничната, односно управната постапка незаврши правосилно.Ако учесникот во рокот определен со решение на судот не постаписпоред решението на судот, расправањето на оставината ќе продолжи, безоглед на барањата поради кои учесникот бил упатен да поведе парнична,односно управна постапка[111].

Ако пред да заврши расправањето на оставината учесникот кој не го запазил рокот донесе доказ дека повел парнична, односно управнапостапка, судот ќе постапи така што прекинот напостапката ќе трае додека парничната, односно управната постапка незаврши правосилно[112].

Во случај кога ако учесникот постапи според решението на судот, прекинот на постапката ќе трае додека парничната, односно управната постапка не заврши правосилно, кога судот ја расправил оставината, како и во случај кога ја расправил оставината а учесниците требало да ги упати да поведат парнична, односно управна постапка, правосилноста на решението на оставинскиот суд не пречи за односното барање да се поведе парнична постапка[113].

## 9. ЕЛЕМЕНТИ И ПРАВНА СИЛА НА РЕШЕНИЕТО ДОНЕСЕНО ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПОРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

Со завршувањето на рочиштето за расправање на оставината, односно откако судот ќе ја утврди големината на наследството, наследниците, големината на наследните делови, прашањата за легат како и сите други прашања поврзани со оставината, судот донесува решение. Решението се состои од увод, диспозитив и образложение. Законот има точно навдено што се едно решение за наследување треба да содржи[114].

Така решението ги содржи следните податоци:

1. име и презиме, татково име, а за мажени жени и моминскотопрезиме, занимање, датум на раѓање и државјанство на умрениот и ЕМБГ;

---

[111]Член 176 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[112]Ibid
[113]Ibid
[114]Член 177 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

2. означување на недвижностите со податоци од јавните книги во коисе запишуваат правата на недвижностите, како и означувањето наподвижните предмети со повикување на пописот;
3. име и презиме, занимање, живеалиште, односно престојувалиште нанаследникот, неговиот однос спрема оставителот, дали наследува какозаконски или тестаментален наследник, а ако има повеќе наследници иделот со кој секој од нив учествува во наследувањето, ЕМБГ;
4. дали правото на наследникот се одлага поради недостиг на времетоили еограничено на определено време или е одложено додека се исполниопределен услов кој зависи од некој раскинувачки услов, односно налогшто ќе се смета како раскинувачки услов или е ограничено со право наплодоуживање или некое друго право и во чија полза и
5. име и презиме, ЕМБГ, занимање и престојувалиште на лицата на коиим припаднал легат, плодоуживање или некое друго право од оставинатасо точно назначување на тоа право.

Во законот исто така постои и одредба со која се дава можност да доколку во текот на постапката наследниците достават спогодба за поделба на оставината, истата таа да биди содржана во решението за наследување, само доколку не е во спротивност со постоечките прописи[115].

Решението за наследување им се доставува на наследниците, легатарите, како и на лицата кои имаат истакнато барање за наследство[116].

## 9.1 Постапки при спроведувањето на решението за наследување

Ако на наследниците со тестаментот им се наложени обврски вокорист на лице кое не е во состојба само да се грижи за своите права илиза постигање на општокорисни цели, наследниците се должни да поднесатдоказ дека тие обврски ќе ги извршат, односно ќе ги обезбедат. Откако наследниците ќе ги обезбедат доказите кои судот ги бара, судот ќенареди да се изврши потребното запишување во јавните книги во кои сезапишуваат правата на

[115]Ibid
[116]Член 178 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

недвижности, како и на овластените лица да им сепредадат движните предмети кои се наоѓаат на чување кај судот.[117]

Кога правото на наследниците или на легатарите е одложено порадинедостиг на времето или е ограничено на определено време или еодложено додека се исполни определен услов, односно налог кој ќе сесмета како раскинувачки услов, судот, по предлог од заинтересиранителица, ќе дозволи привремени мерки за обезбедување на соодветниот делод оставината според оредбите на Законот за извршната постапка, ако сотестаментот поинаку не е определено[118].

## 9.2 Решение за легат и решение за предавање на оставина на Република Северна Македонија

Во самото решение за наследувањ може да влези во состав и решение за легат. Сепак ако наследниците не го оспорат легатот, судот може, по предлог одлегатарот, да донесе посебно решение за легатот и пред да донесерешение за наследување[119]. Во ваков случај правосилното решение мора да биди доставено до управата за јавни приходи за наплатување на даноци, согласно законските оредеби[120].

Како што знаеме постои опција каде доколку нема наследници, оставината по автоматизам преминува во сопственост на Република Северна Македонија. Така според закон судот, кога ќе утврди дека нема наследници или не е познато далиима наследници, а во пропишаниот рок не се јави никој кој полага правона наследство, ќе донесе решение оставината да се предаде на РепубликаМакедонија[121].

## 9.3 Дејство и правна природа на решението за наследување

[117]Член 179 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[118]Член 180 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[119]Член 181 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[120]Член 184 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[121]Член 182 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

Откако решението за наследувањето или легатот ќе стане правосилно, тоа има дејство само спрема учесниците во постапката за расправање на оставина. Или како што е наведено во законот,  правосилното решение за наследување или легат ги обврзуваучесниците што учествувале во постапката за расправање на оставината, аако не им е признаено правото, своето барање можат да го остваруваат во парнична постапка[122].

Во случај да дојде до покренување на парнична постапка по правосилноста на решението за наследување, со самото покренување на парнична постапка се одложува материјалната правосилност на решението за прогласување на наследници. Оваа ситуација со која материјалната правосилност се одлага настанува во две ситуации. Така може да се случи да оставинскиот суд донесе повторно решение, доколку се пронајде доплнителен имот на оставителот кој не бил познат кога е донесено решението за наследување. Другата ситуација е кога заинтересирано лице поднесе тужба, оносно кога се појавува нов наследник или тестамент, а оставината била распределена според закон или пак се појави нов тестамент кој го поништува стариот тестамент. За ова ќе елаборирам подолу.

Согласно законот откако решението за наследување или за легат ќе стане правосилно, судот е задолжен да истото го достави до Управата за јавни приходи поради напалата на данок[123].

Во однос на правната природа, решението за наследува одноно легат, има декларативна природа. Тоа е така бидјеќи согласно законските одредби од Законот за наследување оставината на умрениот преминува врз наследниците во моментот на неговата смрт[124].

## 10. НАСЛЕДНО ПРАВНИ ПОБАРУВАЊЕ ПО ПРАВОСИЛНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ

Откако решението за наследување ќе стане правосилно, можно е да настанат ситуации каде учесниците во постапката, а и лицата што не учествувале во постапката за расправање на оставина да побараат некои наследноправни побарувања.

Во правото кај нас постојат три наследноправни побарување по правосилноста на решението за наследување. Така имаме:

[122]Член 183 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[123]Член 184 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[124]Член 127 од Закон за Наследувањето, Службен весник бр. 47/96

- ако по правосилноста на решението за наследување се пронајде дополнителен имот на оставителот кој не бил познат кога е донесено решението за наследување;
- ако по правосилноста на решението за наследување се пронајде нов тестамент;
- ако по правосилноста на решението за наследување се појави лице кое не учествувало во постапката за расправање на оставината, а како наследник полага право врз оставината.

За сите овие побарувања на лицата кои имаат право да ги побараат се постапува различно, одностно има различна процедура.

### 10.1 Постапка на судот по наследноправното барање кога доплнително е пронајдено нов имот

Во зависност од тоа дали предходоно се водела постапка за расправање на оставината или не судот постапува различно.

Во случај кога се водела постапка за расправање на оставината по правосилноста на решението за наследување, дополнителносе пронајде имот на оставителот, кој не бил познат кога е донесенорешението за наследување, судот новопронајдениот имот на оставителотќе го распредели со ново решение врз основа на порано донесеноторешение[125].

Доколку некој од наследницте за време на постапката за расправање на оставината дал негативна наследничка изјава, т.е се откажал од наследствотом судот ќе го повика да даде нова изјава за дополнително пронајдениот имот и неа ќе ја земи во предвид при донесување на решението за доплнително најдениот имот[126]. Целта на ова законско решение е да наследникот знае кога ја дава негативната изјава односно кога се откажува од наследството, од точно што тој се откажува.

Ако оставината порано не била расправена затоа што оставителот неоставил имот или оставината се состоела од подвижни предмети, анаследниците не барале да се одржи расправа, судот ќе ја расправиоставината, ако новопронајдениот имот се состои од

[125]Член 185 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[126]Ibid

недвижности, а ако сесостои само од подвижни предмети, само ако тоа го бараатзаинтересираните лица[127].

### 10.2 Постапка на судот по наследноправно барање кога е пронајден нов имот

Судот своето решение за наследување го основа или врз основа на законот (законско наследување) или врз основа на тестамент оставен од завештателот (тестаментално наследување). Во праксата често се случуваоткако решението ќе биде донесено и истот ќе стане правосилно, да се појави нов тестамент. Овде имаме две ситуации. Прво кога судот решението за наследување го донесол врз основа на законот односно имотот го распределил врз основа на законт, па по правосилноста на решението да се појави тестамент од оставителот. Другата ситуација е кога судот го донел решението врз основа на тестамент, па по правосилноста на решението за наследување се појавува друг тестамент со кој оставителот оставината ја распределил на поинаков начин во однос на другиот тестамент.

Па така според законот,  по правосилноста на решението за наследување се пронајде новтестамент, судот го прогласува и го доставува на оставинскиот суд, аоставинскиот суд ќе ги извести заинтересираните лица за прогласувањетои ќе ги предупреди дека своите права можат да ги остварат во парничнапостапка[128]. Во ваков случај како заинтересирани лица може да ги сметаме лицата кои веќе учествуваел во оставинската постака како и лицата кои се јавуваат како наследници со новиот тестамент, а дотогаш не учествувале во постапката. Постапката продолжува со парница бидејќи во овој случај имаме редукција на правата на лицата кои добиле наследство пред пронаоѓањето на нов тестамент.

### 10.3 Постапување на судот по наследноправно барање на лице кое не учествувало во постапката за расправање на оставината, а како наследник полага право врз оставината.

Доколку дојде до ваква ситуација,по правосилноста на решението за наследување да се појави лицекое не учествувало во постапката за расправање на оставината, а каконаследник

[127]Ibid
[128]Член 186 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

полага право врз оставината, оставинскиот суд ќе го упатитаквото лице да ги остварува своите права во парничната постапка[129]. И во овој случај како во предходниот доаѓа до редукција на правата на лицата што наследиле врз основа на тестамент или закон, доколку земеме во предвид дека неговото барање ќе биди прифатено. Поради ова законот ги упатува заинтересираните лица да покренат парнична постапка.

## 11. ПРАВНИ ЛЕКОВИ ПРОТИВ ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА

Кога станува збор за правните лекови кои можат да се употребат против одлуките кои се донесени во постапката за расправање на оставината, постои варијација во однос на тоа кој орган ја донел самата одлука против која се користи правен лек.

Нотарот како повереник на судот може да ја води самата постапка, а со тоа воедно и да донесе решение за наследување. Така кога нотарот ја води постапката, дозволен е приговор на решение. Приговорот се доставува во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението до учесниците во постапката. Приговорот се доставува до нотарот кој е должен без одлагање, нонајдоцна во рок од три дена, заедно со списите да го достави донадлежниот основен суд кој му го доверил постапувањето по оставинскиотпредмет.По приговорот одлучува судија поединец[130].

Ненавремениот, нецелосниот или недозволениот приговор, судот ќего отфрли.Одлучувајќи по приговорот против решението кое го донел нотарот,судот може во целост или делумно решението да го потврди или да гоукине.Кога судот решението делумно ќе го укине или делумно ќе гопотврди, самиот ќе одлучи за укинатиот дел на решението[131].

Согласно со начелото на двостепеност во законот постои одредба со која против решението на судот со кое решението на нотарот во целостили делумно е укинато, дозволена е жалба во рок од осум дена оддоставувањето на првостепеното решение[132].

---

[129]Член 187 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[130]Член 127 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[131]Член 128 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[132]Ibid

Решението по приговорот им се доставува на учесниците и нанотарот.Врз решението на нотарот против кое е изјавен приговор, а судот гоотфрлил, клаузулата за правосилност ја става судот што одлучувал поприговорот.Решението на нотарот против кое не е изјавен приговор еправосилно. Клаузулата за правосилност на ова решение ја става нотарот[133].

Кога станува за вонредните правни лекови, постои можност за повторување на постапката за расправање на оставина и ревизаија на постапката за расправање на оставина. Во постапката за расправање на оставина е дозволена ревизија когамеѓу учесниците настанал спор за примената на правотоа правнитепрашања ги решил судот согласно со членот 173 став 3 од Законот за вонпарнична постапка[134].

Согласно законските одредби од Законот за вопарничната постапка, постои можност за повторување на постапката како вондреден правен лек[135]. Во законот е наведено дека против решението со кое постапката правосилно е завршена,предлог за повторување на постапката не може да се поднесе ако научесникот со овој или со друг закон му е признато право своето барање закое со решението е одлучено да го остварува во парнична, односно воуправна постапка[136]. Според законските одредби, по предлогот за повторување на постапката претходно ќе се постапикако по ненавремено поднесена жалба, ако постојат услови предвидеи според членот 24 одЗаконот за вонпарничната постапка[137], второстепениот суд да одлучи и за основаноста наненавремено поднесената жалба. Доколку второстепениот суд најде декатие услови не постојат ќе го врати предметот на првостепениот суд зарадипостапување по предлогот за повторување на постапката[138].

## 12. ПОСТАПКА КОГА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА Е НАДЛЕЖЕН СТРАНСКИ ОРГАН

Доколку се случи да за расправање на оставина е надлежен странски орган, а не орган од Република Северна Македонија, судот начиешто подрачје оставителот умрел, по приемот на смртовницата, со огласќе ги повика сите лица во земјата кои полагаат право на

[133]Ibid
[134]Член 188 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[135]Член 33 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[136]Ibid
[137]Член 24 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[138]Член 33 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

оставината каконаследници, легатари или доверители да се јават во рокот определен воогласот, кој не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од шестмесеца, сметано од денот на објавувањето во "Службен весник наРепублика Северна Македонија", за да ги пријават своите побарувања.Огласот се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија" ина огласната табла на судот, односно на одделението на судот, а попотреба може да се објави и на друг погоден начин. Примерок од огласотќе се достави и до најблиското дипломатско-конзуларно претставништвона странската држава во нашата земја.[139].

Доколку во рокот кој ќе биде наведен во огласот, повиканите лица не ги пријаватсвоите побарувања, подвижниот имот од оставината судот ќе му гопредаде на надлежниот орган на странската држава или на лице овластеноод тој орган за примање на имотот[140].

Во случај да вредноста на оставината без да бидат одбиени долговите изнеува помалце од 150.000 денари, оглас не се објавува. Во тој случај оставината ќе се предаде на надлежниот орган на странската држава или на лице овластено од тој орган [141].

Откако огласот ќе биди објавен, а некој од наследниците или легатарите истакни барање, во таков случај судот ќе ја задржи оставината, односно дел од неа потребен занамирување на таквото побарување, се додека органот на странскатадржава не донесе правосилна одлука по тоа побарување.По донесување на одлуката од органот на странската држава, судот ќе ја изврши одлуката, а остатокот од оставината ќе го предаде на странскиот орган. Судот ќе постапи на исти начин доколку некој од доверителите пријави свое побарување. Така судот ќе ја задржи оставината или само еден дел од неа доволен за да го надомести побарувањето[142].

Доколку дојде до случај кога има расправање на оставина на странски државјанин кој умрел на пордачје на суд на Република Северна Македонија, кога за неговиот имот е надлежен странски орган, а наследниците кои се наоѓаатво нашата земја предложат расправата да ја спроведе суд на Република Северна Македонија, судот ќе ги повика наследниците и легатарите од странство,во рок од шест месеца од денот на доставувањето на поканата, да истакнатприговор за ненадлежност на судот на Република Северна

[139]Член 189 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[140]Ibid
[141]Ibid
[142]Член 190 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

Македонија.Ако наследниците или легатарите од странство во определениот рокне стават приговор за ненадлежност, расправата по оставината ќе јаспроведе судот на Република Северна Македонија[143]. Во ваков случај за да суд на Република Северна Македонија биде наделжен за расправање на оставина за која е надлежен странски ораган потребно е да се исполнат кумулативно четири услови и тоа:

- оставината да се состои од подвижен имот;
- да е надлежен странски орган според Законот;
- никој од наследницте да не истекне приговор  за ненадлежност на суд на Република Северна Македонија во дадениот рок;
- наследниците да предложат да расправата ја спроведе суд на Република Северна Македонија.

Познатите наследници на кои не им се знае нивното престојувалиштеќе се повикаат со оглас. Огласот се истакнува на огласната табла на судот,односно одделението на судот и ќе се објави во "Службен весник наРепублика Северна Македонија", а по потреба може да се објави и на друг погоденначин. Примерок од огласот ќе се достави и до најблиското дипломатско-конзуларно претставништво на странската држава во нашата земја[144].

Ако ниту еден од наследниците или легатарите од странство неистакне приговор за ненадлежност на судот на Република Северна Македонија, поистекот на шест месеца од денот на објавувањето на огласот во "Службенвесник на Република Северна Македонија", судот ќе ја расправи оставината[145].

## 13. ТРОШОЦИ ВО ПОСТАПКАТА

Согласно законските одредби, предвидено е дека секој учесник во постапката за расправање на оставината ги подмирува трошоците што ги имал во самата постапка. Во случај да имало заеднички трошоци судот определува во кој сразмер учесниците ќе ги поделат трошоците за постапката. По предлог од учесникот, судот може да одлучи другиот учесник даму ги надомести трошоците, ако тие трошоци се предизвикани соочигледно

[143]Член 191 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008
[144]Ibid
[145]Ibid

несовесно постапување[146]. Во случај да има нејасностии или недостиг на одредби во врска со трошоците во постапаката за расправање на оставината, се применуваат општите одредби за трошоци од Законот за вонпарнична постака, а доколку е потребно и оредебите за трошоци од Законот за парнична постапка.

[146]Член 124 од Закон за вонпанична постапка, Службен весник бр. 9/2008

# ГЛАВА ВТОРА

# ПОСТАПКА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Во Република Хрватска, постапката за расправање на оставина, а воедно и целокупната материја поврзана со наследното право е регулирана со Законот за наследнување (Zakon o nasljeđivanju).

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ ВО ВРСКА СО ПОСТАПКАТА

Во постапката за расправање на оставина во Република Хрватска, се врши утврдување на наследниците, правата во врска со имотот на оставителот кои им следуваат на наследниците, легатарите и други лица[147].

Постапката за расправање на оставина во Република Хрватска е вонпарнична постапка, која е регулирана со Законот за наследување. Исто така е наведено дека доколку поинаку не е определено во Законот за наследување, се применуваат соодветни оредеби од Законот за парнична постапка[148].

Според законот, во постапката за расправање на оставина како странки се сметаат наследниците како и сите други лица кои остваруваат некакво право врз оставината[149].

Судот е должен во целокупниот тек на постапката да бидат запазени правата на странките. Судот е исто така дожен да обрати особено внимание правата на малолетните лица, лицата со душевни заболувања како и други лица кои поради други причини не можат да се грижат за своите права да бидат остварени.[150]

Во врска со постапувањата, судот составуа записник. Кога станува збор за работи кои се помалку важни и известувања кои судот ги собира, може наместо записник да се стави само

---

[147]Член 174 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[148]Член 175 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[149]Член 179 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[150]Член 180 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

белешка на списите. Записникот го потипишуваат странките кои се присутни за време на постапката, судијата или судскиот советник како и записничарот. Белешката на списите ја потпишува лицето кое ја составило[151].

## 1.1 Правила на постапката

За време на целиот тек на постапката судот внимава, правата на странките да бидат што побрзо утврдени и осигурани. Судот е должен да обрати посебно внимание на заштитата и остварувањето на правата на странки кои поради малолетност, душевни заболувања или други околности не се способни да се грижат за своите права и интереси. Во постапката за расправање на оставината во Република Хрватска јавноста е искучена[152].

## 1.2 Докази

Судот донесува одлуки врз основ на резултатите на целокупната расправа. Судот е овластен да утврдува факти кои странките во постапката не ги изнеле самите, и изведува докази кои странките не ги предложиле, доколку оцени дека тие докази и факти се од битно значење за донесување на одлука во согласност со Законот за наследување на Република Хрватска. Одлуката може да се заснова и врз докази кои не се изведени пред судот кој ја донесува одлуката[153].

## 1.3 Одлука

Во постапката за расправање на оставина, одлуките се донесуваат во форма на решение. Решенијата против кои е дозволен приговор односно жалба, како и решенијата на второстепениот суд мора да бидат образложени[154].

---

[151]Член 183 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[152]Член 180 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[153]Член 181 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[154]Член 184 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

## 1.4 Правни сретстава

Против решение донесено од нотар како повереник на судот во постапка за расправање на оставина, дозволен е приговор на решение во рок од осум дена од денот на доставата на решението на странката[155]. Приговорот му се доставува на нотарот, кој е должен веднаш без одлагање заедно со списите од предеметот да ги достави до надлежниот општински суд. Против приговорот одлучува судија поединец[156].

Ненавремени, нецелосни или недозволени приговори судот ги отфрла со решение. Кога судот одлучува по решение донеседно од страна на нотар, судот може во целост или делумно решението да го укини или го прифати. Кога решението го укинува во целост или делумно, судот сам одлучува за укинатиот дел од решението. Против решението на судот со кој тој го укинува целосно или делумно решението донесено од страна на Јавен бележник (нотар), не е дозволена самостојна жалба. Решението за приговорот судот им го доставува на нотарот и на странката[157].

Против решение во донесено од првостепен суд дозволена е жалба, освен ако со Законот за наследување на Република Хрватска не е поинаку определено. Жалбата се поднесува во рок од петнаесет дена од доставата на првостепеното решение[158].

Жалбата се доставува до првостепениот суд, кој може да во однос на изјавената жалба, со ново решение да го преиначи решението кое се побива, освен ако со тоа не се повредуваат правата на други лица засегнати со оставината. Ако првостепениот суд не го преиначи своето решение, жалбата ја доставува до второстепениот суд, без оглед дали истата е поденесена во рокот определен со закон. Второстепениот суд одлучува по правило само по жалбите кои се уредно поднесени, но може да разгледа и жалба која не е уредно поднесена доколку со тоа не се повредуваат правата на други лица засегнати со постапаката. Ако

[155]Член 185 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[156]Член 186 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[157]Член 187 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[158]Член 188 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

против решението е дозволена жалба, доколку судот од прв степен не одлучи самиот, преписот од списите и жалбата ги доставува до второстепениот суд.

Пред да биде донесена одлука од второстепениот суд, провстепениот суд ќе ги превземи сите мерки за кој е овластен во постапка за расправање на оставина, независно од исходот на постапката по жалбата, освен ако со закон не е поинаку определено[159].

Во постапката за расправање на оставина не се дозволени вонредни правни лекови освен кога има барање за заштита на законитоста[160].

### 1.5 Трошоци

Секоја странка ги сноси трошоците кои ги имала во текот на постапката. Ако има заеднички тропшоци, судот одредува кои од странките и во колкав сооднос ќе ги сноси трошоците. На предлог на една од странките судот може да одлучи да друга странка и ги надомести трошоците кои истата таа странка очигледно и ги предизвикала[161].

## 2. НАДЛЕЖНОСТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

Во хрватскиот закон е наведено дека постапката за расправање на оставина во прв степен се води пред општински суд, одноно пред нотар како повереник на судот. Во судот постапката ја води судија поединец или судски советник. Судот може да му довери на нотар да ја води постапката за расправање на оставина и ќе му ја достави смртовницата. Кога нотарот ја води постапката како повереник на судот овластен е исто како и судија и судски советник да ги превзема сите дејствија во постапката и да ги носи сите одлуки, освен за одлуките за кои во законот е поинаку пропишано[162].

Кога станува збор за месна надлежност, за постапката за расправање на оставина месно наслежен суд е општинскиот суд каде што оставителот за време на смртта имал

---

[159]Член 189 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019

[160]Член 190 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019

[161]Член 191 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019

[162]Член 176 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

живеалиште. Доколку за време на смртта оставителот немал живеалиште  во Република Хрватска, за постапката за расправање на оставина месно надлежен ќе биди судот на чие подрачје оставителот за време на смртта имал престојувалиште. Ако оставителот пак немал ниту живеалиште ниту пак престојувалиште во Република Хрватска за време на смртта, месно надлежен суд за постапката за расправање на оставина ќе биди судот на чие подрачје оставителот го имал најголемиот дел од својот имот во Република Хрватска. Доколку пак во случај оставителот да немал никаков имот  во Република Хрватска, месно надлежен суд ќе биди судот на чие подрачје оставителот бил запишан во Матичната книга на државјани на Република Хрватска. Во случај суд на Република Хрватска да е ненадлежен за постапката за расправање на оставина, надлежноста на хрватски суд кој е овластен да ја води постапката се определува според горенаведените одредби[163].

## 3. ПРЕТХОДНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА

Пред да започне самата постапка за расправање на оставина, слично како и кај нас на самата постапка и предходат определени дејства пред постапката започни. Така како предходни дејства според хрватсткото законодавство се сметаат: составување на смртовница, попис на имотот на оставителот, осигурување на оставината и предавање и прогласување на тестаментот.

### 3.1 Смртовница

Кога некое лице ќе почини или пак биди прогласено за умрено, матичарот надлежен за упис на смртта на лицето во матичната книга на умрените составува смртовница и истата ја доставува на судот или пак ја предава на лицето по чие барање била истата составена. Смртовницата се составува врз основа на податоците кои матичарот ги добил од матичната книга на умрените, податоци добиени од роднини на починатото лице, од лица со кои починатото лице живеело одноно од лице кои такви информации можат да му ги овозможат

[163]Член 177 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
на сила од 15.02.2019.

на матичарот. Доколку матичарот на судот му достави нецелосна смртовница или пак само извод од матичната книга на умрените, судот во записникот на постапката за расправање на оставина ќе утврди кои податоци се потребни да се состави смртовница. Смртовницата има доказна сила како јавна исправа само доколку нејзините податоци се превземени од матичната книга на умрените[164].

Во однос на тоа кои податоци се впишуваат во смртовницта, Законот за наследување на Република Хрватска има точно наведено што се влегува во смртовницата. Наведени се податоци кои се задолжителни како и податоци кои не се задолжителни, но доколку е можно да бидат наведни. Така во смртовницата се впишуваат следните податоци[165].

Задолжителни податоци:

1. Име и презиме, по можност и лични карактеристики за идентификација и едниствен матичен број на граѓанинот, име на еден од неговите родители, неговото занимање, датум на раѓање и државјанство. Кога оставителот бил во брак и презимето што го имал пред склучување на бракот;
2. ден, месец и година, место и по можност час на смртта;
3. место каде оставителот имал живеалиште односно престојувалиште.

Податоци кои не се задолжителни, но доколку е можно да се наведат:

1. Име и презиме, датум на раѓање, занимање, живеалиште односно престојувалиште на брачниот другар на оставителот, како и податоци за брачни, вонбрачни и посвоени деца;
2. име и презиме, датум на раѓање, живеалиште односно престојувалиште на останати роднини кои би можеле да се повикаат на наследство врз основа на законот, како лица кои би биле повикани на наследство врз основа на тестамент;
3. местото каде што се наоѓта имотот на оставителот, дали има имот за кое чување, поседување или пријавување постојат посебни прописи (оружје и сл.), дали има пари во готово, хартии од вредност, скапоцености, штедни книшки или било какви други важни исправи, дали оставителот оставил долгови и колку, дали оставил писмен

---

[164]Член 192 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
на сила од 15.02.2019.

[165]Член 193 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
на сила од 15.02.2019.

тестамент, или договор за доживотна издршка, или пак договор за отстапување и поделба на имот за време на живот и каде се наоѓаат истите тие исправи, дали оставителот оставил устен тестамент, и доколку оставил таков, податоци за сведоците пред кои го кажал устниот тестамент;

4. дали се очекува раѓање на дете на оставителот, и дали неговите деца или брачниот другар имаат старател;
5. датум и место на смртта на брачниот дургар или неговитте деца или било кои други лица кои би биле повикани на наследство, а кои починале пред оставителот.

## 3.2 Попис на имотот на оставителот

### 3.2.1 Време на вршење на пописот

Пописот на имотот на оставителот се врши по донесување на одлука на оставинскиот суд кога не се знае дали постојат наследници или каде се наоѓаат, кога наследниците се малолетни, без деловна способност поради душевни заболувања или други околности не можат сами за себе да се грижат за своите права и интереси или во други оправдани случаи. Судот можи да нареди да се изврши попис и доколку тоа го побараат самите наследници, доверители или други заинтересирани лица. Доколку тоа го налагаат околностите во кои оставителот умрел, а посебно доколку има опасност да дел од оставината може да биди отуѓен или изгубен, полициските службеници во моментот можат да извршат попис на стварите на оставителот, по потреба да ги запечатат просториите во кои се наоѓаат стварите, и пописот да го достават до матичарот надлежен за уписот на смртта на лицето во матичната книга на умрените. Во таков случај матичарот го доставува пописот на оставинскиот суд, кој што ја води постапката[166].

### 3.2.2 Содржина и начин на пописот

[166]Член 194 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

Во пописот на имотот на оставителот влегува целокупниот негов движен и недвижен имот кој тој го поседувал во моментот на неговата смртт. Во пописот влегува и се друго што му припаѓа на оставителот, но во моментот на неговата смртт се наоѓа кај други лица, со назнака каде се наоѓаат и врз која основа, како и се што оставителот го поседувал а тој тврдел дека не е негова сопствтеност. Во пописот на имотот се внесуваат и побарувањета кои ги имал оставителот како и неговите долгови спрема останати лица, посебно неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки[167].

Пописот на стварите се врши според вид, број, мерка и тежина или пак поеднечно. Пописот на недвнижниот имот се врши поединечно за секој имот, и тоа со назнака за местото каде се најдува, култура на земјиштето како и останати податоци од земјишноправна природа доколку се познати[168].

### 3.2.3 Вршење на пописот и постапување со предмети за кои постојат посебни прописи

Пописот го врши судски службеник, нотар назначен од судот или судски советни кој ја води судската постапка. Пописот се врши во присуство на две полнолетни лица, а доколку е потребно и судски вештак. За време на пописот може да присуствуаат сите заинтересирани лица[169].

Во случај оставителот да имал имот односно предмети за кои важат посебни прописи за поседување, чување и носење, се постапува спорд тие прописи соодветно[170].

## 3.3 Осигурување на оставината

### 3.3.1 Предавање на чување

---

[167]Член 195 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[168]Член 196 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[169]Член 197 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[170]Член 198 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

Во случај да се утврди дека ниту еден од наследниците не е спосопсобен да управува со оставината или со дел од неа, и доколку не постои законски застапник, ако наследниците се непознати или одсутни или кога има други околности кои наложуваат да се постапува внимателно, во таков случај оставината ќе биди предадена од старана на полициски службеник или друго лице овластено со закон, на чување на доверлива личност и за тоа итно ќе се извести судот на чие подрачје се наоѓаат стварите, кој пак е овалстен да таа одлука ја измени или во целост укине[171].

Пари во готовина, хартии од вредност, скапоцености, штедни книшки и други важни исправи, во случајот опишан погоре да се дадат на чување на суд или нотар кои се на подрачјето каде се најдува имотот[172].

Тој што ќе прими ги на чување стварите кои се погоре опишани е должен за тоа да му даде потврда на судот од подрачјето каде се најдува имотот. Судот за тоа ќе го извести оставинскиот суд за сите мерки кои ги превзел за обезбедување на оставината[173].

### 3.3.2 Поставување на привемен старател на оставината

Привремениот старател го именува оставинскиот суд. Пред поставување на привремениот старател, судот ќе побара мислење за старателот од лицата кои би биле повикани на наследство[174].

### 3.3.3 Запечатување

Ако судот определи дека е неопходно, може да нареди просториите каде се наоѓа оставината да бидат запечатени. За тоа тој ќе одреди лице кое ќе го задолжи да го извести доколку пломбата со која се запечатил имотот биде оштетена. Известувањето го прави или

[171]Член 199 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[172]Ibid
[173]Ibid
[174]Член 200 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

во надлежен суд или во полиција. Дозвола за симнување на пломбата може да даде само оставинскиот суд или нотар како повереник на судот[175].

### 3.3.4 Привремени мерки

Од самиот почеток на постапката за расправање на оставината, како и за време на целиот тек на постапката, се додека постапката за расправање на оставината не биди завршена правосилно, судот на барање на странка во постапката може заради обезбедување на имотот, да нареди да бидат спроведени привремени мерки. Овие мерки се спроведуваат доколку странката докаже дека без таква мерка може да се измени моменталната состојба на оставината[176].

## 3.4 Предавање и прогласување на тестамент

### 3.4.1 Предавање на тестаментот на судот

Лицето кое  во негова сопственост има исправа за која може да се смета дека е тестамент на починатото лице, должно е истото без одолговлекување да го предаде тестаментот на најбилискиот месно надлежен општински суд. Лице кое знае дека оставителот составил тестамент, и знае за неговата локација, должно е за истиот да го извести општинскиот суд. Оставинскиот суд е должен без одолговлекување да ги побара сите податоци во Хрватскиот регистар на тестаменти (Hrvatskog upisnika oporuka), за можните тестаменти на починатото лице, и истиот да му биде доставен од лицето каде се чува тестаментот[177].

---

[175]Член 201 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[176]Член 202 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[177]Член 203 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

### 3.4.2 Прогласување на тестаментот

Кога судот каде што се наоѓа тестаментот, утврдри дека лицето кое го составило тестаментот е починато или прогласено за мртво, ќе го отвори тестаментот без да го оштети печатот, ќе го прочита истиот и за тоа ќе направи записник. Судот ќе постапи според горенаведеното без разлика дали тестаментот е веродостоен и без разлика дали има повеќе тестаменти. Отворање и читање на тестаментот се прави во присуство на две лица кои може да бидат и наследници. При прогласување на тестаментот може да бидат присутни покрај наследниците и записничарите и други лица кои остваруваат некакво право од тестаментот. Тие лица може да побараат препис на од тестамент. Општинскиот суд нај кој му е предаден тестаментот, ќе го отвори и прочита без разлика дали надлежностра по тој предмет му припаѓа на друг општински суд или друго странско тело[178].

### 3.4.3 Записник за прогласувањен на писмен тестамент

Записникот за прогласување на писмен тестамент треба да содржи:

- Колку тестаменти се пронајдени, датумот кој е впишан на нив и каде се најдени;
- Кој ги прадл истите на судот или на составувачот на смртовницата;
- Кои сведоци биле присутни при отворањето и прогласувањето на тестаментот и како е утврден нивниот идентитет;
- Дали тестаментот е предаден отворен или затвотрен, и со каков печат бил запечатен доколку бил затворен.

Ако за време на отворањето на тестаментот се забележи дека печатот на истиот е оштетен или доколку во тестаментот нешто е бришено, прецртано или корегирано, или ако се пронајде нешто друго за што судот се посомнева,  мора сето тоа да биди внесено во записник. Записникот го потпишуваат судијата, односно судскиот советник, записничарот и сведоците. На прогласен тестамент судот ќе стави потвдра дека е прогласен истиот, со ознака за датумот кога се прогласил истиот, како и бројот и датумите на другите пронајдени тестаменти што судот веќе ги прогласил[179].

[178]Член 204 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
на сила од 15.02.2019.

[179]Член 205 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19

### 3.4.4 Прогласување на устен тестамент

Ако оставителот направил устен тестамент, и за тоа постои исправа која е потпишана своерачно од страна на сведоци, судот содржината на таа исправа ќе ја прогласи согласно одредбите кои постојат за прогласување на писмен тестамент. Но доколку исправа не постои, судот ќе ги испита сведоците пред кои устениот тестамент е изјавен, посебно за околностите од кои зависи полноважноста на тестаментот, па ќе состави записник за сослушаните сведоци, и ќе го прогласи тестаментот според одредбите за прогласување на писмен тестамент.Во случај странката тоа да го побара или доколку така судот одлучи, сведоците може да дадат изјава под заклетва. Во таква ситуација, судот ќе закажи ново рочиште за сослужување на тие сведоци, каде ќе ги повика предлагачите и останатите заинтересирани странки, но доколку тоа не би ја успорило постапката[180].

### 3.4.5 Прогласување на исчезнат или уништен тестамент

Во случај независно од волјата на оставителот, тестаментот во кој е распределена оставината е уништен или исчезнат, а помеѓу заинтересираните лица нема спор во врска со постоењето на тој тестамент, за формата како и соджината, за начинот на исчезнување или уништување оставинскиот суд за тоа ќе ги іслуша странките и сите заинтересирани лица и з нивните предлози ќе изведи докази за истете, па за тоа ќе состави записник и ќе го прогласи тестаментот спред одредбите за прогласување на писмен тестамент. Ако за оставината нема тестамент, а притоа истата треба и припадне на оштината или градот, согласно со постапката опишана погоре тестаментот ќе биди полноважен само доколку со него се согласи месно надлежен јавен обвинител[181].

---

на сила од 15.02.2019.

[180]Член 206 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

[181]Член 207 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

### 3.4.6 Известување за прогласен тестамент

Судот кој го прогласил тестаментот без одолговлекување за тоа ќе го извести Хрватскиот регистар на тестаменти, кој веднаш ќе го запише објаувањето во своите регистри[182].

### 3.4.7 Достава и чување на прогласен тестамент

Записник за прогласен тестамент со копија од писмениот тестамент, копија од исправата за устен тестамент, односно копија на записникот за сослушување на сведоци на устен тестамент, се доставува до оставинскиотн суд, а судот кој го прогласил тестаментот го задржува оригиналот.

Оригиналниот писмен тестамент, исправа за устен тестамент, записник за сослушување на сведоци на устен тестамент како и записник за содржината на исчезнат или уништен тестамент, судот ги чува одвоено од другите списи, а нивна копија односно препис ќе го приложи на оствинскиотн суд[183].

## 4. ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

### 4.1 Почеток на постапката

Постапката за расправање на оставина започнува по службена должност кога судот ќе ја приме смртовницата или пак извод од матичната книга на умрени, односно исправа со иста правна сила[184].

Откако судот ќе приме една од претходно наведените исправи, судот испитува дали е надлежен за постапка за расправање на оставина, при што доколку утврди дека не е надлежен за постапката за расправање на оставина, предметот му го доставува на надлежен

[182]Член 208 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[183]Член 209 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[184]Член 210 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

суд. Ако пак се утврди дека надлежно тело е странски орган, со решение се прогласува за ненадлежен и ја запре постапката[185].

## 4.2 Мерки кои ги превзема судот за осигуравање на оставината

Мерки за обезбедување на оставината оставинскиот суд може да определи за време на текот на постапката за расправање на оставина. Оставинскиот суд исто така може за време на постапката за расправање на оставина да ги укинува како и да ги менува мерките за осигурување на оставината кои тој ги определил сам или пак некој друг налдежен орган. Мерки за осигурување, нивни измени или пак укинување на истите судот ги донесува по барање на заинтересирана странка, но и по службена должност кога тоа го бара самиот закон[186].

## 4.3 Повикување на извшителот на тестаментот

Во случајоставителот да оставил тестамент, и во него именувал извршител на тестаментот, судот ќе го извести лицето именувано за извршител на тестаментот и истото ќе го повика во одредениот рок за отворање на тестаментот, под услов лицето да ја прифати должноста на извшител на тестаментот[187].

## 4.4 Старател за неродено дете

Доколку се очекува раѓање на дете кое се претпоставува дека ќе биди повикано на наследство, оставинскиот суд во таков случај е должен да го извести телото кое е надлежно

[185]Член 211 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[186]Член 212 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.
[187]Член 213 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 на сила од 15.02.2019.

за старателства. Во случај ако органот за старателство не определи поинаку, како старател на нероденото дете ќе се смета дека е еден од неговите родители[188].

## 4.5 Постапка доколку нема имот или има само подвижен имот

Доколку судот според податоците со кои располага утврди дека починатото лице зад себе не оставило имот, судот со решение одлучува да не се води оставинска расправа. Судот исто постапува и кога ќе утврди дека починатото лице зад себе оставило имот кој е само подвижен како и еднакви на подвижен имот права, судот исто така со решение одлучува да не се води оставинска расправа[189].

Кога судот ќе одлучи да не се води постапка за расправање на оставина, за тоа го известува органот за старателство за тоа во случај да има наследници кои не се способни да се грижат за своите права и интереси кои немаат други законски застапници[190].

Кога судот ќе одлучи да не се води расправа за оставината поради тоа што немало имот или имотот бил подвижен, судот ги укинува сите мерки за осигурување на оставината, со цел да наследниците можат слободно да располагаат со имотот кој им следува како наследници[191].

Доколку во оставината влегуваат стварни права на недвижнини, судот ќе постапи така што ќе смета дека во оставината на починатото лице има недвижен имот, а кога има останати права ќе се сметаат како да се движен имот[192].

## 4.6 Издвојување на оставината од имотот на наследникот

---

[188]Член 214 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
на сила од 15.02.2019.
[189]Член 215 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.
[190] Ibid
[191] Ibid
[192] Ibid

Кога според одредбите на законот е дозволено да се бара одвојување на оставината од имотот на наследникот, судот тоа ќе го направи на барање на овластен барател. При тоа судот ќе ги применува одредбите на Законот на наследување (Zakon o nasljeđivanju) за обезбедување на оставината[193].

## 5. РАСПРАВА ЗА ОСТАВИНАТА

### 5.1 Повикување на рочиште за расправа на оставината

Судот за оставинската расправа закажува рочиште. Во поканата за рочиштето судот на заинтересираните странки им дава до знаење за започнувањето на постапката, за тоа дали има или нема тестамент и дали тестаментот му е предаден на судот. Дококу има тестамент, а иститот не му е предаден на судот тој ќе ги повика лицата да веднаш го предатат тестаметентот, односно исправата за устен тестамент, доколку истата се наоѓа кај нив, ако не да назначат сведок на устен тестамент[194].

Судот во поканата ќе ги предупреди заинтересираните странки дека тие можат се до донесување на правосилно решение за наследување да дадат наследничка изјава усно на рочиште или писмено кај нотар нострифицирана исправа. Во случај наследниците не дадат таква изјава или не се појават на рочиште, судот ќе смета дека лицата се согласиле да бидат наследници[195].

Доколку оставителот оставил тестамент, за започнувањето на постапката за расправање на оставина судот ќе ги извести и ќе ги повика на рочиште лицата за кои може да се смета дека имаат право на наследство. Во случај оставителот да именувал извршител на тестаментот, судот го известува извршителот на тестаментот за започнувањто на постапката

---

[193]Член 216 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.
[194]Член 217 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.
[195] Ibid

за расправање на оставината и истиот го повикува на рочиштето за расправата за оставината[196].

## 5.2 Повикување на оглас

Во случај да не се знае дали има наследник на имотот на починатото лице, судот со оглас ќе ги повика сите лица кои полагаат право на наследството да се пријават во судот во рок од шест месеви од денот на објавата на огласот во Службен весник (Narodnenovine). Огласот се објавува и на огласната табла на судот, во Службен весник и на друг соодветен начин[197].

Судот ќе постапи на истиот начин и во случај кога на наследникот му е поставен привремен застапник поради тоа што тој е непознат или пак неговото престојувалиште е непознато, а наследникот нема полномошник, се наоѓа во странство или е недостапен, а доставата не можела да биди извршена[198].

Откако ќе истече законскиот рок од шест месеци, судот ќе постапи така што ќе ја започне расправата и како изјава од наследникот ќе се смета изјавата дадена од поставениот старател според податотците со кои судот располага[199].

## 5.3 Предмет на оставинска расправа

За време на рочиштето за постапката за расправање на оставина, судот расправа за сите прашања кои смета дека се битни во постапката за донесување на решение за наследување, а посебно за правата на наследството, големината на наследниот дел и правата на евиденција[200].

Судот одлучува откако по правило, сите заинтересирани странки ќе дадат изјава. Во текот на оставинката постапка заинтересираните лица можат да даваат изјава без

---

[196] Ibid
[197]Член 218 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[198] Ibid
[199] Ibid
[200]Член 219 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

присуство на други заинтресирани лица, и не е потребно да им се овозможи на заинтресираните лица да се отчитуваат за дадената изјава кај други заинтересирани лица[201].

За правата на лицата кои не се присутни на расправата, судот ќе одлучи според податоците со кои располата и ќе ги земе во предвид нивните пишани изјави кои треба да стигнат во судот до донесувањето на одлуката[202].

Ако судот изрази сомнеж дека лицето кое полага право на наследството е едниствен наследник, судот можи да сослуша и други лица за кои се смета дека може да имаат право еднакво или посилно право од правото на лицето кое се смета за единствен наследник. Истите тие лица можи да бидат повикани според одредбите на овој закон[203].

## 5.4 Наследничка изјава

Според хрватскиот закон, секој е овластен, но никој не е обврзан да дава наследничка изјава. Лицето кое што не дало наследничка изјава се смета дека сака да биди наследник. Лиеце кое со своја волја и без принуда дало изјава дека го прифаќа наследството, истата таа изјава не може да ја отповика[204].

Наследничката изјава своерачно ја потпишува наследникот  или неговиот застапник. Во случај наследникот или неговиот застапник не се во состојба да се потпишат на наследничката изјава, треба тоа да го образложат и истот ќе се внеси во записник. Потпис на исправата за наследничка изјава, како и потписот на полномшникот за давање на наследничка изјава мора да јавно јавно верифициран[205].

Доколку наследникот во наследничката изјава не потенцира дали изјавата се однесува на она што му припаѓа според закон или според тестамент, или за нужниот дел, се смета дека изјавата се однесува на целото наследство без разлика врз кој основ е истото[206].

---

[201] Ibid
[202] Ibid
[203] Ibid
[204]Член 220 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.
[205] Ibid
[206] Ibid

Судот не бара наследничка изјава од никого, но наследникот кој што сака да даде наследничка изјава, може тоа да го стори усно пред оставинскиот суд, или било кој суд, односно писмено со заверена исправа за тоа[207].

При давањето на наследничката изјава, наследникот може да даде и негативна наследничка изјава, т.е. да се откажи од наследството. При тоа судот ќе го предупреди наследникот дека може да се откажи од наследството само во свое име или пак и во името на своите потомци[208].

## 5.5 Приговор на попис

Доколку некоја од странките приговара на пописот, судот може одлучи дека тоа  да нареди пописот повротрно да го изврши судски службеник или нотар. Доколку не е спорведен попис на оставината, судот врз основа на податоците кои ги има може да утврди што се има во оставината[209].

## 5.6 Упатување на парница поради спор

Судот ја прекинува постапката за расправање на оставина, и ги упатува странките на парница или на постапка пред управен орган, ако помеѓу странките се појави спор во врска со некои факти од кои зависи некое нивно право. На овој начин судот секогаш постапува посебно кога се спорни следниве факти[210]:

1. Факти од кои зависи некое наследно право, особено полноважноста и содржината на тестаментот или односот на наследниците и оставителот кога наследувањето е врз основа на закон;
2. Факти од кои зависи големината на наследниот дел, вредноста на нужниот дел или пресметувањето на наследниот дел;

[207] Ibid
[208] Ibid
[209]Член 221 од Zakon o nasljeđivanju, NN **48/03**, **163/03**, **35/05**, **127/13**, **33/15**, **14/19**
насилаод 15.02.2019.
[210]Член 222 од Zakon o nasljeđivanju, NN **48/03**, **163/03**, **35/05**, **127/13**, **33/15**, **14/19**
на сила од 15.02.2019.

3. Факти од кои зависи оправданоста за исклучување од наследството на нужните наследници или постоење на причини за недостојност за наследување;
4. Доколку некое лице се откажало од наследството.

Доколку во наведените случаии не постои спор за фактите, а спорот се однесува за примената на правото, оставинскиот суд нема да ја прекини постапката за расправање на оставина, туку за време на оставинскта постапка ќе расправа за примента на правото. Судот исто така нема да ја прекине постапката и кога станува збор за наведените ситуации, доколку според законот се претпоставува постоењето на тие факти, за факти кои се општопознати, спорни факти кои можат да се утврдат врз основ на јавни исправи или јавно верифицирани исправи, врз чија веродстојност судо ќе донесе решение за наследување. А доколку некој го тврди спротивното, судот истиот ќе го упати да го докаже тоа на парница или управна постапка[211].

## 5.7 Упатување на парница поради спор за право на запис (легат)или друго право на оставината

Во случај доколку помеѓу станките се појави спор во врска со определини факти од кои зависи некое право на некој легат определен со тестамент или друго право, судот странките ќе ги прати на парница или управна постпка да го решат спорот, но постапката за расправање на оставина нема да ја прекине. Доколку како наведениот случај не постои спор за факти туку само за примена на право, судот не ја прекинува постапката за расправање на оставина, туку судот таквиот спор го решава во постапката за расправање на оставина[212].

## 5.8 Упатување на парница поради спор за составот на оставината

Судот ќе ја прекине постапката за расправање на оставина и ќе ги упати на парница или управна постапка странките доколку се појави спор во врска со[213]:

---

[211] Ibid

[212]Член 223 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

[213]Член 224 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

1. Факти од кои зависи составот на оставината;
2. Факти од кои зависи предметот на записот.

Судот нема да ја прекини постапката за расправање на оставина и да ги упати странките на парница или управна постапка ако помеѓу странките се спорни следните факти кои можат да бидат утврдени врз основ на јавни или јавно заверени исправи, туку врз основ на тие судот ќе донесе решение за наследување, а доколку некој го тврди спортивното, ќе го упати на парница или на управна постапка да го докаже истото. Доколку дојде до горенаведената ситуација, судот најпрво ќе испита дали се исполнети условите да донесе делумно решение за наследување, па доколку се докажи дека се исполнети условите ќе го донесе истото[214].

Прекинот на постапката во овој случај не се одноесува на се она што е е опфатено со делумно решение за наследување[215].

## 5.9 Траење на прекинот кога се упатува на парница

Судот ја упатува на парница странката за која смета чие право е послабо. Ако судот ја прекине постапката, се определува рок кој не може да биди подолг од 30 дена, за време на кој упатената странка треба да поведе парница или управен спор, и за започнувањето на парницата да го извести оставинскиот суд. Доколку странката во определениот рок постапи така што ќе започне парница, прекинот на постапката за расправање на оставина трае се додека не се реши спорот со правосилна судска одлука. Доколку странката во рокот даден од судот не постапи така што ќе започне парница или управна постапка, прекинатата постапка ќе продолжи и ќе се заврши без разгледување на барањето на странката која била упатена на парница односно управна постапка. Во тој случај странката може да ги остварува своите права во постапката на која е упатена[216].

Доколку судот постапил според законските норми кои се опишани погоре, а и доколку расправал за оставина, а требало да ја прекини постапката и да упати на парница или

---

[214] Ibid
[215] Ibid
[216]Член 225 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

управна постапка, правосилноста на неговата одлука не спречува да се бара покренување на парница или управна постапка.[217]

# 6. РЕШЕНИЕ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ И ЗАПИС (ЛЕГАТ)

## 6.1 Содржина на решението за наследување

Со решение за наследување судот утврдува кој го наследил оставителот после неговата смрт и кои  други права ги стекнале други лица. Решението за наследување содржи[218]:

1. Презиме и име на оставителот, неговиот матичен број, име на еден од неговите родителим датум на раѓање, државјанство, за лицата кои починале додека биле во брак и друго презиме кое го имеле пред бракот.
2. Ознака за недвижностите со податоци од земјишните книги кои се потребни за упис, како и ознака за подвижните ствари и други права кои судот утврдил дека влегуваат во оставината;
3. Презиме и име на наследникот, негов матичен број, негово живеалиште, односот кој го имал со оставителот, дали наследува според закон или тестамент, ако има повеќе наследници и наследниот дел на секој поединечен наследник изразен во дел;
4. Дали правата на оставителот се условени, заложени или оптоварени со налог, или на друг начин ограничено илиоптоварени и во чија корист;

[217] Ibid
[218]Член 226 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.

5. Презиме и име, матичен број и живеалиште на лицето на кое поради постоење на врска со оставителот му припаѓа право на легат или некое друго право од оставината со точна назнака за тоа право.

Ако во постапката за расправање на оставина сите наследници и легатари со заедничка согласност предложат делба и начин на делба на оставината, судот ќе постапи според нивниот договор и во решението ќе го внеси истото во записник. Судот исто ќе постапи и ако делбата се спроведи согласно член 143 и 144 од Хрватскиот Закон за наследување. Одредбите за решение за наследување се применуваат соодветно и во случаии кога има оставина без наследнци, така оставината и припаѓа на општината, односно градот каде се наоѓа имотот врз основа на Законот за наследување на Република Хрватска[219].

## 6.2 Достава на решениеза наследување

Решението за наследување судот им го доставува на сите наследици, легатари, како и на сите други лица кои истакнале барање за наследство. Правосилното решение за наследување се доставува до надлежен даночен орган[220].

## 6.3 Упис во земјишни книги и предавање на движни ствари

Во решението за наследување судот одредува дека откако решението станува правосилно, решението за наследување се доставува за упис во земјишните книги согласно правилата за упис според земјишно и книжно право. Во решението за наследување судот одредува дека откако решението ќе стани правосилно, на овластени лица на наследниците им ги предаваат движните ствари кои се чуваат во судот, нотар или по нивни налог кај трето лице. Ако со тестамент на наследиците им е наложено исполнување или осигурвање обрска во корист на лице кое се смета дека е неспособно само да се грижи за своите права и интересим или станува збор за остварувње на општокорисни цели, судот ќе одреди нужни мерки за осигурување[221].

---

[219] Ibid

[220]Член 227 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.

[221]Член 228 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.

## 6.4 Мерки за осигурување кога правото на наследникот или легатар е условено

Кога наследичкото право е условено, временски ограничено или условено со налог, судот на предлог на заинтересираните лица, одредува потребни мерки на безбедност[222].

## 6.5 Посебно решение за запис

Ако наследниците не го оспоруваат легатот, судот може и пред донесувањето на решението за наследување, на барање на легатарите, да донесе посебно решение за легат. Во тој случај на соодветенн начин ќе се применат одредбите за упис во земјишните книги и предавање на движните ствари кои се наоѓаат кај судот, нотар или од нив овластено лице на чување[223].

## 6.6 Делумно решение за наследување

Кога содржината на оставината е само делумно неспорна, судот откако ќе утврди кои се наследниците, односно легатарите, ќе донесе делумно решение за наследување во ќе ги утврди наслединици и записничарите (легатарите), и наследичкиот дел за она што не е спорно од оставината[224].

## 6. Ефектот на правосилно решение за наследување илегат

[222]Член 229 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[223]Член 230 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[224]Член 231 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

Се смета дека со правосилноста на решението за наследување се утрврдува се што влегува во состав на оставината, кој е наследник на оставителот, колкав наследнички дел му припаѓа, дали му е наследничкото право ограничено или отоварено и како, дали постојат права налегат и кои се тие права. Исто важи и за делумно решение за наследување во однос на тоа што е утврдено во самото решение. Се што е утврдено со правосилно решение за наследување, може единствено да се побива од страна на лице кое согласно одредбите на Законот за наследување на Република Хрватска не е обврзан со правосилното решение за наследување. Тоа тој може да го постигни во парница против лицето во чија корист е донесено решението кое се оспорува[225].

Со правосилноста на решението за наследување не се обврзани лицата кои тврдат дека им припаѓа некое право кое не влегува во составот на оставината, и лицата кои не учествувале во расправата за оставината и за која истите не биле уредно повикани.

Исто така правосилноста на решението за наследување не ги обврзува лицата кои тврдат дека со смртта на оставителот им припаѓа наследство врз основа на тестамент или закон или им припаѓа право на запис (легат), кои како странки не учествувале во расправата за оставината ниту пак биле уредно повикани на истата[226].

Со правосилноста на решението за наследување се обврзани лицата кои како странки учествувале во расправата за оставината или на истата биле уредно поканети, но сепак не се обврзани за решението[227]:

- За права кои произлегуваат од дополнително пронајден тестамент;
- Права чие утврдување зависи од тоа на кој начин ќе биди решено спорно прашање во парница или управна постапка на кои ги упатил оставинскиот суд или требало да ги упати оставинскиот суд, ако тоа прашање не е решено пред правосилноста на решението за наследување;
- Ако се исполнети претпоставки според кои во пранична постапка може да се бара повторување на постапката.

[225]Член 232 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.

[226] Ibid
[227] Ibid

## 7.БАРАЊА НА НАСЛЕДНИЦИТЕ ПОСЛЕ ПРАВОСИЛНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ

### 7.1 Дополнително пронајден имот

Во случај по правосилноста на решението за наследување се пронајде имот, кој не бил опфатен со решение за наследување, судот нема повторно да спроведува расправа за оставината, туку овој дополнително пронајден имот со решение го распоредува на наследниците врз основа на веќе донесеното решение за наследување, освен ако некој од населедниците се одрекол од својот наследен дел или го отстапил на друг наследник[228].

Ако предходно не се водела расправа за оставината, судот по службена должност ќе спроведи расправа само доколку пронајдениот имот е недвижен имот или со него изедначени права. Пак доколку се пронајде подвижен имот или со него изедначени права, судот ќе спроведи расправа само по барање на заинтересирани лица[229].

### 7.2 Дополнително пронајден тестамент

Во случај откако решението за наследување ќе стане правосилно, биди пронајден тестамент, судот го прогласува. Така решението за прогласување, записникот и препис на тестаментот му се доставува на оставинскиот суд, а го задржува оригиналот. Во ваков случај оставинскиот суд нема повторно да води расправа за оставината, туку ќе ги извести заинтересираните лица за прогласувањето на тестаментот и ќе им ги напомени нивните права врз основа на тестаментот, кои истите можат да ги побараат и остварат во суд на парница[230].

### 7.3 Нов наследник или легатар

---

[228]Член 234 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.

[229] Ibid

[230]Член 235 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.

Лице кое не е обврзано со правослноста на решението за наследување, а кое смета дека има право како наследник или легатар, може своето право да го оствари само на суд во парнична постапка[231].

### 7.4 Причини за повторување на постапка

По правосилноста на решението за наследување или легат, странките во дадените рокови поради оправдани причини за повторување на постапка, може да бараат повторување на парнична постапка и во неа да ги остварат своите права. Во парницата судот ќе одлучи за постоење на претпоставка за повторување на постапка исто како и за предходни прашања[232].

## 8. ПОСТАПКА КОГА Е НАДЛЕЖЕН МЕЃУНАРОДЕН ОРГАН

### 8.1 Мерки за заштита на домашните наследници, легатари и доверители

Кога за наследството за оставителот се одлучува од надлежно странско орган, судот на чие подрачје оставителот починал, по примањето на смртовницата објавува оглас во кој ќе ги повика сите лица во земјата за кои се смета дека се можни наследници, легатари и доверители, во дадениот рок, кој не може да биде пократок од триесет дена, и не подолг од шеесет дена, кој започнува од денот кога е објавен во Службен весник, да истите се пријават во судот бидејќи во спротивен случај подвижниот имот на оставителот ќе се даде на чување на надлежен државен орган или лице овластено од истиот тој орган да ги прими истите[233].

Огласот се објавуа во Слубен весник на Република Хрватска и на огласната табла на судот, а по потреба и на друг соодветен начин, а еден примерок се доставува и до дипломатско – конзуларните претставништа на држава каде се наоѓа надлежниот орган во

[231]Член 236 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[232]Член 237 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[233]Член 238 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

Република Хрватска. Огласот нема да биди објавен доколку вредноста на оставината, без одбивање на долговите не надминува 20.000 куни (околу 165.000 мкд)[234].

Доколку огасот не се објави, оставината не смее да се предаде пред да поминат три месеци од денот на смртта на странскиот државјанин[235].

## 8.2 Задржување на оставина

Доколку некое лице пријави во судот дека се смета за наследник на оставителот или негов легатар, се додека надлежниот орган од странската држава не одлучи, судот ќе ги задржи стварите на оставителот кои би можеле да му припаднат на тоа лице. Откако надлежниот орган на странката држава ќе донесе правосилно решение, судот во однос на побараните права ќе ја изврши таа одлука и на заинтересираното лице ќе му ги предаде задржаните ствари, а останатите ствари на оставителот ќе му ги предаде на надлежен орган од странката држава. Ако некој доверител на оставителот поднеси до судот барање за неговите права, судот во тој случај ќе задржи онолку ствари колку се потребни за да се покрија барањето на доверителот се додека тоа не биди надоместено или обезбедено[236].

# 9. ПОЛОЖБАТА НАНОТАРОТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

## 9.1 Опсег на надлежности

Нотарите во Република Хрватска, имаат статус на судски повереници и спроведуваат работи и донесуваат одлуки во постапка за расправање на оставина исто како и самиот суд согласно со законските одредби. Судот од битни причини во секое време може на нотарот да му ги одземе списите од предметот за расправање на оставинакоја му е доверена и истиот сам да ја спроведи или да ја довери на друг нотар. Како битни причини се сметаат неможноста да нотарот да ја врши својата работа поради болест или било која друга

[234] Ibid
[235] Ibid
[236]Член 239 од Zakon o nasljeđivanju, NN **48/03**, **163/03**, **35/05**, **127/13**, **33/15**, **14/19**
На сила од 15.02.2019.

релевантна причина, очигледно занемарување на законски обврски од страна на нотарот или други важни причини по оценка на судот[237].

### 9.2 Постапка

Нотарите доверените работи за спроведување на постапката за расправање на сотавина ги вршат во согласност со одредбите од Законот за наследување на Република Хрватска. Во постапка која се спроведува пред нотар, странката може да биди застапувана по одредбите кои се применуваат за застапување во вонпарнична постапка[238].

### 9.3 Рокови

Доверената постапка за спорведување на оставинска расправа нотарот е должен да ја започни во рокот кој е определен од страна на судот кој му го доверил предметот, сметајќи од денот на примањето на предметот. Во случај нотарот од оправдани причини не успее во дадениот рок да постапи по предметот, на надлежниот суд му ги доставува сите списи од предметот со објаснување зошто не можел да постапи по предметот[239].

### 9.4 Овластувања и должности на нотарот

Како повереник на судот во постапката за расправање на оставина нотарот, своите одлуки ги основа и ги донесува врз основа на одредбите од Законот за наследување на Република Хрватска. Откако решението кое го донесува станува правосилно со кое постапката е завршена, односно кога против решението има изјавено приговор, како и во други со закон утврдени случаии, нотарот сите списи од предметот му ги доставува на месно надлежниот суд, а за себе нотарот задржува препис на решението, препис на

---

[237]Член 241 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
на сила од15.02.2019.
[238]Член 242 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
на сила од15.02.2019.
[239]Член 243 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19
насилаод 15.02.2019.

смртовницата, препис на записникот од водењето на расправата за оставината како и препис на сите други акти[240].

## 9.5 Доделување на предмети

Судот спроведуваето на постапката за расправање на оставина му ја доверува на нотарот со седиште на подрачјето каде се наоѓа судот. Оставинските предмети на нотарите им се доделуваат во согласност со правилникот кој го донесува министерот кој е надлежен за работите од правосудството. Со правилникот, се определуваат помали подрачја во рамките на подрачјето на судот, за доделувае на остависнки предмети сооглсано со критеруми како што се близина на местото спрема кое се заснова месната надлежност и седиштето на нотарот. На нотарите од исто подрачје предметите им се доделуваат рамномерно според азбучен ред на нивните презимиња[241].

## 9.6 Надзор од страна на судот

Нотарот не може освен од оправдани причини да одбие доверена работа. За оправданоста на тоа одлучува судот кој му ја доверил работата. Надзор над работата на нотарите врши судот кој му ја доверил работата. Кога нотарот ја одбива доверената работа или кога доверената работа му е одземена, судот ќе му нареди на нотарот да ги предаде списите од предметот и по службена должност да го изврши својот налог. Судот може со парична казна да го казни оној нотар кој одбива да ги врши од судот доверените работи или кој одбива да ги предаде списите од предметот кој му бил доверен. Против решението за казна е дозволена жалба до второстепен суд. Против решението на второстепениот суд не се дозволени вонредни правни сретства[242].

---

[240]Член 244 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[241]Член 245 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[242]Член 249 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

## 9.7 Престанок на работата на нотарот

Во случај кога има престанок на работата на нотарот или промена на неговото службено седиште, се постапува согласно со одредбите на Законот за нотаријат на Република Хрватска, кои се однесуваат на постпаката за предавање на списите кога ќе се испразни нотарското место[243].

## 9.8 Награда и трошоци

Наградата и трошоците на нотарот како повереник на судот, се определуваат така што по правило според закон е определен единствен надомест за целокупната постапка за расправање на оставина кај еден нотар. Правилникот за награда за спроведена постапка за расправање на оставина, пропишува дека нотарот има и право на посебна награда (попис на оставина и сл.). Кога нотарот во постапка за расправање на оставината постапува како повереник на судот странките не плаќаат судска такса[244].

## 9.9. Правилник

Височината на наградата и надоместокот за трошоците за работа на нотарите ги пропишува министерот надлежен за работите од правосудството, по прибавено мислење на Врховниот суд на Република Хрватска и Хрватската нотарска комора. Нотарот за својата службена работа која ја спровел во постапката за расправање на оставина како повереник на судот, може да пресметува и наплаќа само награда по пропшианата тарифа. Забрането е нотарот да склучува спогодби за наплата на трошоци со странките на поинаков начион од оној кој е утврден со тарифата[245].

.

[243]Член 250 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[244]Член 251 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.
[245]Член 252 од Zakon o nasljeđivanju, NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19 насилаод 15.02.2019.

# ГЛАВА ТРЕТА

# РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ПОСТАПКИТЕЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

## 1. ПОСТОЕЧКИ РАЗЛИКИ

Обработувајќи ги законските решенија во однос на постапката за расправање на оставина на двете држави Република Северна Македонија и Република Хрватска, се забележува дека и двете постапки се произлегуваат од постапката за расправање на оставина на поранешната заедничка држава СФРЈ. Но бидејќи од распадот на СФРЈ има поминато подолг временски период, забележително е дека постои еволуција и кај двете постапка така што постојат разлики во законските решенија, каде секоја држава ги има уредено согласно со нивните устави.

### 1.1 Постапката е уредена во различни закони

При самата анализа на законските решенија прво нешто што се забележува е тоа што во самата постапка е уредена во различни закони. Така во Република Северна Македонија, постапката за расправање на оставината е уредена со Законот за вонпарничната постапка, за разлика од Република Хрватска каде постапката е составен дел од Законот за наследување. Според моето мислење, а и воедно мислењето на нотари од Република Северна Македонија нашето законско решение е подборо бидејќи самата постапка која е вонпарнична постапка е соодветно да биде дел од закон во кој влегуваат сите вонпроцесни постапки, со што имаме попрактично решение. Исто така со ова решение нема мешање на процесното право со материјалното право како што е случајот со решението во Република Хрватска.

### 1.2 Надлежност

Во поглед на месната надлежност постои разлика во тоа кога имотот на лицето кое починало не се наоѓа на територијата на Државата (за чија постапка станува збор). Во хрватскиот закон е определено дека месно надлежен е судот каде оставителот бил запишан во книгата на државјанства, за разлика од тоа во македонскиот закон е наведено дека во таков случај, месно надлежен суд определува Врховниот суд на Република Северна Македонија (forum ordinatum).

### 1.3 Смртовница

Во однос на смртовницата имаме разлика така што во македонскиот закон кога станува збор за податоци за имотот и за тестамент како што се местото каде штосе наоѓа имотот што го оставил умрениот, дали има имот за чие држење,чување и пријавување утврдени се посебни одредби, дали има готови пари,хартии од вредност, скапоцености, штедни книшки или други важниисправи, дали умрениот оставил долгови и колку, дали оставил писментестамент или договор за доживотна издршка или спогодба за отстапувањеи распределба на имотот за време на животот и каде тие се наоѓаат, а акоумрениот направил устен тестамент, тогаш и името и презимето,занимањето и престојувалиштето на сведоците пред кои е направен тојтестамент, во македонскиот закон е навдено дека овие податоци се внесуваат доколку е можно. За разлика до тоа во хравтското законско решение овие податоци се задолжителни. Со хрватското решение им се им е наведено на матичарите да состават смртовница со целосни податоци, за разлика од кај нас каде што од праксата се покажува дека матичните службимногу често смртовниците ги доставуваат до судот со нецелосни и погрешни податоци.

### 1.4 Попис и процена на имот

Кога се врши попис на имотот на оставителот во макеодскиот закон е наведено дека истовремено се врши и процена на имотот на оставителот. Во хрватскиот закон одредби за процена на имотот нема.

### 1.5 Обезбедување на оставината

Доколку се јави потреба од обезбедување на имот во поглед на привремениот старател на оставината, во македонското законодавство судот може да назначи привремен старател на оставината доколку смета дека тоа е потребно, за разлика од тоа во хрвтаскиот закон е наведено дека судот назначува привремен старател на оставината, што можеме да заклучиме дека тој е задолжителен во случај кога има обезбедување на оставината.

### 1.6 Записник

Има и разлика во тоа што кога се прави записник за прогласување на тестамент во според македонската постапка во записникот се наведува и соджината на тестаментот, за разлика од хрватската постапка каде тоа не е наведено.

### 1.7 Стварни права

Во хрватскиот закон постои одредба со која се смета дека кога има стварни права врз недвижен имот се постапува како да има недвижен имот. Истиот принцип се применува кога станува збор за подвижен имот, така што кога има стварни права врз повижен имот се постапува како да има недвижен имот.

### 1.8 Рочиште за расправа на оставината

Кога судот закажува рочиште за расправа на оставината, со поканата која ги повикува наследиците, им се напоменува дека тие треба да дадат ијзава. Во македонската постапка доколку лицето не даде наследничка изјава судот ќе одлучи врз основа на податоците со коирасполага. Додека пак во хрватската постапка во ваков случај судот смета дека наследикот дал позитивна наледничка изјава и со тоа прифаќа да биди наследник.

### 1.9 Непознат наследник

Ако на судот не му е познато дали умрениот има наследници, сооглас ќе ги повика лицата кои полагаат право на наследство да се јават воопредлен рок од денот на објавувањето на огласот. Во Република Северна Македонија тој рок изнесува една година од денот на објавувањето на огласот, додека во Република Хрватска тој изнесува шест месеци.

### 1.10 Наследничка изјава

При наследничката изјава во македонската постапка, наследникот во изјавата наведува дали го прифаќа или се откажуваод делот што му припаѓа врз основа на закон или тестамент, или изјаватасе однесува на нужниот дел. Додека пак во хрватската постапка има поразлично решение и тоа така што доколку во изјавата наследникот не изјави дали негоавата изјава се однесува на она што му припаѓа врз основ на тестамент или на врз основ на закон или пак за нужен дел, се смета дека изјавата се однесува за наследствотот врз било кој основ.

### 1.11 Спорни факти

Како што занаеме може при расправата за оставината да дојде до некои спорни факти и странките да бидат упатени од страна на судот на парница. За тоа постојат повеќе причини кои и во двете постпаки се слични со исклучок на тоа што во македонската постапка како спорен факт се смета и основаноста на барањето на преживеаниот брачендругар и на лицата кои со оставителот живееле во трајна заедница, даим се издвојат од оставината предметите за домаќинство што служат зазадоволување на секојдневните потреби како и од кои зависи основаноста на исклучувањето на нужнитенаследници или основаноста на причините за недостојност.

Постои разлика исто така и кога има спор за факти или за примена на право, така што во македонската постапка судот ќе ја прекине постапката, а учесниците ќеги упати да поведат парнична, односно управна постапка во следниве случаи: ако меѓу наследниците

постои спор за тоа дали некој имот влегува воoставината и ако меѓу наследниците е спорно барањето на лицата, кои со оставителотживееле во заедница да им се издвои од оставината дел кој одговара нанивниот придонес во зголемувањето на вредноста на имотот наоставителот. Додека пак во хрватската постапка судот ги упатува странките на парнична или управна постапка доколку настане спор за составот на оставината, така што судот ќе ја прекине постапката и странките ќе ги упати на парница или управна постапка ако настани спор меѓу нив во врска со фактите од кои зависи составот на оставината и фактите од кои завиоси предметот на легат (запис).

### 1.12 Решение за наследување

Во однос на решението за наследување, постои разлика така што во хрватското право судот може да донесе делумно решение за наследување само доколку оставината е делумно спрорна. Тоа го прави откако ќе ги утврди наледниците или легатарите.  Со ова делумно решение се утврдуваат надледниците или легатарите и оноі дел од оставината кој не е спорен. Во Република Северна Македонија не постои вакво решение.

# ГЛАВА ЧЕТИРИ

# РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНО МЕТОДОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ

За методолошкото истражување беа подготвени неколку прашања кои им се поставија на нотарите кои според законите на Република Северна Македонија ја водат постапката за расправање на оставината, па така се и најмногу запознати со материјата на овој труд. Прашањата се однесуваат на самата постапка за расправање на оставината. Прашањата им беа поставени на три нотари.

Првото прашање се однесува на тоа како нотарот би јас оценил постапката за расправање на оставината во Република Северна Македонија. На ова прашање добив одговори дека постапката е брза и ефикасна, но според мислењето на еден од нотарите сепак се потребни определени измени на самата постапка.

Второто прашање се однесува на тоа дали постапката за расправање на оставината е потребно да биде уреденаво законот за наследување како што е во Република Хрватска или да остани решението како што е до сега. На ова прашање добив одговор од сите нотари дека нема потреба од измени во однос на ова прашање и дека нашето законско решение е подобро.

Наредното прашање е за „контроверзното“ учество на адвокатите во постапката за расправање на оставината, односно дали е оправдано присуството на адвокатите во постапакта за расправање на оставината која пред се е неспорна постапка. На ова прашање добив одговори кои беа различни. Од трите нотари само еден смета дека ова законско решение е добро и истакна дека присуството на адвокатот во постапката е „оправдано и коректно. Со самото присуство на адвокат во постапката се олеснува самиот процес бидејќи со тоа им се овозможува поголема информираност на самите странки, а и воедно нивните права повеќе се заштитени. Самото присуство на адвокат во постапка ја зголемува довербата на граѓаните во постапката“. Останатите два нотари имаа слично мислење во однос на ова законско решение при што според нивното мислење учеството на адвокат во оваа постапка е непотребно и истото ја „одолговлекува и оптовара“ самата постапка. Еден од двајцата нотари понуди решение каде што самите странки да одлучат дали сакаат адвокат да присуствува при постапка за расправање на оставината.

Потоа на нотарите им беше поставено прашање за тоа што според нивното мислење претставува најголема препрека во спроведувањето на самата постапка за расправање на оставината. За ова прашање нотарите имаа доста слични ставови, при што од нив беше истакнато дека како најголем проблем во спроведувањето на постапката за расправање на оставината е тоа што голем број од странките се незаинтресирани поради најразлични причини. Според мислењето на еден нотар: „најчесто тоа е од лукративни побуди со цел странките да избегнат плаќање на даноци, како и можноста да добиваат социјална помош која би можела да им биди скратена, но и избегнивање на подмирување на долгови кои доколку го прифатат наследството би им припаднале соодветно со имотот што го наследуваат од оставителот“. Исто така од одговорите може да се заклучи дека има недостатоци во работењето на матичните служби кои од одговорите на нотарите може да се забележи дека работењето на матичните служби е оценето како неодговорно, незаинтресирано и споро.

Како петто прашање кое им беше поставено на нотарите за ова истражување е прашањето дали има потреба од измени во постапката за расправање на оставината. Нотарите ми одговорија дека од крупни измени нема потреба бидејќи самата постапка е добра, но напоменаа дека пожено е да има измени во однос на тоа да се зголеми заинтересираноста на странките со цел предметите кои нотарите ги имаат да бидат навремено и брзо решени. Еден од нотарите напомена дека би било добро да има „измени, односно законодавецот да го уреди прашањето кои наследнички изјави (позитивни или негативни) треба да бидат заверени од надлежен орган доколку наследникот не е лично присутен на рочиштето за водење на постапка за расправање на оставина“.

Последното прашање се надоврзува на предходното така што нотраите беа прашани дали има потреба од измени во работењето на матичните служби. На ова добив одговор кој не ме изненади, така што нотарите предлагаат да има измени во работењето на матичните служби, при што ќе бидат доставувани смртовници кои се целосни и точни и истите да бидат составени во најбрз можен рок. Еден од нотарите предлага и воведување на санкции за матичните служби со цел да се мотивира нивната работа

# ПРИЛОЗИ ОД ДОКУМЕНТИ ОД ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

## 1. ПРИЛОГ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ОД СПРОВЕДЕНО МЕТОДОЛОШКО ИСТРАШУВАЊЕ

**Прашања:**

1. Како би ја оцениле постапката за расправање на оставина во Република Северна Македонија, имајќи ја во предвид вашата позиција во самата постапка како доверение на судот?
2. Дали според вас е потребно да постапката за расправање на оставина, да се содржи во Законот за наследувањето, наместо како што е до сега,содржан на Законот за вонпарничната постапка?
3. Според вас дали е потребно и оправдано задолжителното присуството на адвокатите во постапката за расправње на оставината, со оглед на фактот дека станува збор за постапка која по својата природа е неспорна постапка?
4. Според вашето професионално мислење кој е најголемата препрека во споведувањето на постапката за расправање на оставината?
5. Дали сметате дека се потребни измени во самата постапка и доколку сметате така за какви измени би станало збор?
6. Дали според вас има потреба од измени и подобрувања кај работата на матичните служби (во однос на изрготвувањето на смртовницата)?

**Одговори:**

**Нотар Велес**

1. Во глобала постапката за расправање на оставина е добра, но сепак постојат определни делови на кои им е потребно корегирање или измени со цел постапката да биди подобрена.

2. Во однос на прашањето за тоа дали е потребно да постапката за расправање на оставина да биди составен дел од Законот за наследување, според мое мислење нема потреба од тоа постапката да биде инкорпорирана во Законот за наследување како што е законското решение во Република Хрватска, така да нашето законско решение е во ред.
3. Според моето мислење како нотар, учеството на адвокат во постапката за расправање на оставина кое според Законот за нотаријат е задолжително, е неоправдано законско решение бидејќи пред се станува збор за постапка која пред се претставува неспорена постапка. Мој предлог е учеството на адвокат во постапката за расправање на оставината да биди исклучиво на избор на странките во постапката, односно доколку тие самите повикаат адвокат.
4. Постојат повеќе проблеми во самата постапка, но како најголем сметам дека е големата незаинтресираност која постои кај самите странки. Најчесто тоа е од лукративни побуди со цел странките да избегнат плаќање на даноци, како и можноста да добиваат социјална помош која би можела да им биди скратена, но и избегнивање на исплаќање на долгови кои доколку го прифатат наследството би им припаднале соодветно со имотот што го наследуваат од оставителот. Исто така имаме проблеми со матичните служби, во однос на тоа што надлежните лица не се однесуваат одговорно и соодветно со нивната должност и доставуваат нецелосни или неточни смртовници. Исто така постои и голема неинформираност на самите странки кои знаат и во неколку случаеви да бараат од нас нотарите да им решаваме спорни прашања, поврзани за самата постапка за расправање на оставина.
5. Потреба од големи измени во самата постапка нема, бидејќи како што споменав и предходно самата постапка е добра. Но сепак има потреба од тоа да се воведат механизми со што ќе се зголеми интересот кај странките, така што тие ќе се вклучат во постапката со цел да ние нотарите да можеме да ја завршиме постапката, така што нема да има имот без субјект, што претставува основно начело во нашето право. Доколку би било потребно и да се воведат санкции за самите странки со цел да „мотивираат" да учествуваат во самата постапка.
6. Како што ви кажав наидуваме на проблеми со работата на матичните служби, така што потребно е да се воведат законски решенија со кои ќе се гарантира дека

матичните службисоодветно ќе ги исполнуваат своите работни обврски во однос на смртовницата и ќе доставуваат целосна и точна смртовница, работа која што ја вршат по службена должност. Предлагам и да се воведат доколку е неопходно и санкции со цел да се осигура соодветно и компетентно вршење на нивната работа.

**Нотар Прилеп I**

1. Во однос на вашето прашање за оценката на постапката за расправње на оставина, можам да кажам дека таа е брза и пред се ефикасна постапка. Според мене постапката е во ред.
2. Постапката за расправње на оставина е вонпроцесна постапка и поради тоа е сместена во Законот за вонпарнична постапка, и така треба да остани. Според мене нашето законско решение е многу подобро од она во Хрватска бидејќи нема мешање на материјалното со процесното право (закони).
3. Присуството на адвокатот во самата постапка за расправање на оставината, според мое мислење е оправдано и коректно. Со самото присуство на адвокат во постапката се олеснува самиот процес бидејќи со тоа им се овозможува поголема информираност на самите странки, а и воедно нивните права повеќе се заштитени. Самото присуство на адвокат во постапка ја зголемува довербата на граѓаните во постапката.
4. Според моето мислење голем проблем е големата неинформираност и незаинтресираност која постои кај самите странки, кои самиот процес не го сфаќаат сериозно. Имаме случаии кога странките не сакаат постапката за расправање на оставина да се одвива пред нотар, туку да истата се спроведе на суд. Исто така голем проблем имаме и кај доставата на писмената кога странките не се наоѓаат во државата и кога е непознато живеалиште или престојувалиште. Исто така постои лоша соработка со матичните служби кои ни доставуваат смртовници кои се многу неквалитетно составени и не ги содржат потребните информации, а и многу често е од нивна страна и непочитување на роковите дадени со закон во однос смртовницата.
5. Потребно е да се зголемат надлежностите кои ние ги имаме како служба со цел да можеме да ги натераме странките да земат поактивно учество во постапката за

расправње на оставината. Исто така измени се потребни кај доставувањето со цел да се направи самиот процес да биди поефективен и да се намали трошокот со кој нотарите се оптоварени

6. Да потребни се измени во работата на матичните служби со цел да доставуваат смртовници кои ќе бидат составени соодветно со што ќе можеме да ја спроведуваме самата постапка до целост. Во однос на тоа дали се потребни санкции за матичните служби, нема да кометирам.

**Нотар Прилеп II**

1. Со доверување на надлежностите за расправање на оставината на нотарите од страна на основните судови во РСМ се постигна поголема ефикасност и побрзо решавање на оставинските предмети.
2. Не е потребно да се содржи во законот за наследување.
3. Нотарот е на мислење дека не е потребно задолжително учество на адвокат во постапката од причини што истата е неспорна постапка и тоа само би ја одолговлекувало постапката и ја оптоварало истата.
4. Најголем проблем во постапката за расправање на оставината е не заинтересираноста на наследниците за водење на истата , исто така проблем со достава на поканите за одржување на рочиштето , бидејќи голем дел се наоѓаат во странство и се со непозната адреса на живеење.
5. Може да се извршат измени односно законодавецот да го уреди прашањето кои наследнички изјави (позитивни или негативни) треба да бидат заверени од надлежен орган доколку наследникот не е лично присутен на рочиштето за водење на постапка за расправање на оставина.
6. Да, има потреба во насока на тоа да се земат точни податоци како по однос на наследниците кој ги оставило починатото лице , така и по однос на имотот кој го поседувалопочинато лице , а сето тоа со цел да не се прават непотребни трошоци, во смисла на тоа што ако оставителот нема имот воопшто да не се поведува постапка за расправање на оставина.

## 2. ПРИЛОЗИ ОД ПИСМЕНА ВО ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2.1 Образец на смртовница

Смртовница

Составенаво _______________ наден____________годинабр.___________

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Презиме, татковоиме и ме | |
| 2. | Ден, месец, година, а поможност и часотнасмртта, местотокадеумрел, местото и станоткадередовноживеелкако и седругоштобибилоодважностзанадлежностнаоставинскисуд | |
| 3. | Име, живеалиште и адресанабрачниотдругар, а аконе е живкога и кадеумрел, односноиме и презименанајблискитенаследници | |
| 4. | Име, возраст, живеалиштенабрачните и вонбрачнитедеца, посвоените, полнолетните и малолетнитедецанапочинатиот, соназначувањепоможностнаденотнанивноторaѓање, како и тоадалисечекараѓањенадругодете | |
| 5. | Име и живеалиштенастарателотнадецатакоисенеспособнизаработа, акогиима | |
| 6. | Фамилијарно и роденоиме ,возраст, живеалиште и станнаониеродниникоиспоредзакониливрзоснованатестаментсеповиканинанаследство | |
| 7. | Даливооставинатаимаосвендвиженуште и недвиженимотилихартииодвредност | |
| 8. | Далиимапознатидолговикоиможатдајапреминатвредностанаоставениотимот, колкуизнесуваатрошоцитезаболеста и запогребувањето и другидолговикоитребанајпрводабидатизмирени и којгиизмирил | |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Далиумрениотоставилтестаментилинекоедругорасполагањевослучајнасмрт, а акоумрениотоставилусменаизјаванапоследнажелба, презиме и име, живеалиште и адресанастанотнасведоцитенатаапоследнажелба | |
| 10. | Дали и коганаумрениотбилпоставенстарател и којстарателскиорганготпоставилнатаадолжност | |
| 11. | Далиумрениотуправувалсопаринајавнонадлештвоили | |
| 9. | Далиумрениотоставилтестаментилинекоедругорасполагањевослучајнасмрт, а акоумрениотоставилусменаизјаванапоследнажелба, презиме и име, живеалиште и адресанастанотнасведоцитенатаапоследнажелба | |

Податоцитеодсмртовницатасеземенипоизјавана __________________________

одград____________.

Смртовницатајасоставил

__________________________

МАТИЧАР

__________________________

## 2.2 Предлог за поведување на постапка за расправање на оставина

ДО ОСНОВНИОТ

СУД ________

ПРЕДЛОГ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА Од наследникот__________ од _со стан на ул ________, бр.______

Мојот татко____________________ почина на _____ година во странство, во ________, а неговото место на живеење беше во седиштето на насловниот суд.

ДОКАЗ: 1. Лична карта на починатиот 2.Исправа за смртта издадена ос странскиот орган Со оглед на фактот дека матичарот не составил смртовница по службена должност и не му ја доставил на судот за да поведе постапка за расправање на оставината, му предлагам на судот да ја поведе постапката за која цел ги давам следните податоци (согласно чл. 139 од Законот за вонпарнична постапка) :

1.Умрениот се вика ______________, по занимање беше _______, роден е на ____ година во _____ и државјанин е на Р. Македонија.

2. Умрел на ________ во __часот, во државата _____ во местото___________.

3. Умрениот имал живеалиште во град__________ на улица__________ бр.______.

4. Негов брачен другар е ___________ од __ ______ со стан на ул._________ бр.______. Негови деца се 1)__________________ и 2)________________, а внук од покојното дете е ____________.

5. Умрениот го остави следниот имот __________________________________________( се набројува сè што му припаѓало на умрениот и што ќе биде предмет на делба).

Исправи со кои се докажува спственоста на горенаброените предмети се следните _________________ и тие се приложуваат кон овој предлог.

Не ми е познато дали умрениот оставил тестамент или договор за доживотна издршка.

Му предлагам на судот да поведе постапка за расправање на оставината на покојниот _________________ и по земање на изјави од најблиските роднини, самиот да состави смртовица во смисла на член 137-139 од ЗВП.

ПРЕДЛАГАЧ,

___________________

**2.3 Предлогзаиздвојувањенапредметинадомаќинствотовокористнаопределенилицаштож ивеелесооставителотвоистодомаќинство**

Во врска со О.бр.__/__

До Основниот суд _______

ПРЕДЛОГ

од учесникот ______________ од _____ со стан на улица _________ бр.___________

Кај насловниот суд се води оставинска постапка, под О. бр.___/___, за расправање на оставината на покојната __________.

Во постапката се попишани предмети кои претставуваат оставина на оставителот, меѓу кои и следните предмети на домаќинството_____________________________(се набројуват предметите, пример тоа се мебелот, техничките апарати, телевизор, вообичаена опрема на кујните и кујнски прибор доколку нивната вредност е вообичаена) кои служат за задоволување на секојдневните потреби на лицата што живееле во заедничко домаќинство со оставителот. Тие лица се:1) _______, сестра на оставителот и 2) __________ мајка на оставителот.

Доказ: Списите во предметот.

Согласно со член 37 од Законот за наследување, му предлагам на судот да го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Се издвојуваат од оставината на оставителот__________ од __________, предметите на домаќинството и тоа___________________(се набројуваат). За наследници на овие предмети на домаќинството се прогласуваат, секој на по една половина идеален дел:

1) ___________________________ сестра на оставителот и
2) _________________________ мајка на оставителот

Издвоените предмети не се земаат предид при пресметувањето на нужниот дел, ниту им се засметуваат на овие наследници во нивниот наследен дел.

Предлагач

___________________

**2.4 Предлогоднаследникзанамалувањенаделотнабрачниотдругарнаоставителот**

ВоврскасоО.бр. ___/___

ДоОсновенсуд ___________

ПРЕДЛОГ

однаследникот _____________ состаннаул. ___________ бр.________

Пред насловниот суд се води постапка за расправање на оставината на оставителот ____________________________. Како наследници на оставителот се повикани неговиот брачен другар ____________ и двете негови деца кои потекуваат од претходниот брак на оставителот и тоа 1) ____________________ и 2)___________________.

Како дете на оставителот од предходниот брак му предлагам на судот со примена на член 15 од Законот за наследување да го намали наследниот дел на брачниот другар на оставителот, така што децата на оставителот да добијат двапати поголем идеален дел од брачниот другар на оставителот. Со оглед на фактот дека оставината на оставителот

претставува една половина од она што е попишано како заеднички имот на оставителот и неговиот брачен другар, семтам дека е неспорно дека е исполнет условот од член 15 според кој имотот на овој брачен другар да изнесува повеќе од делот што би му припаднал при делбата на оставината на еднакви делови.

Затоа му предлагам на оставинскиот суд секое дете на оставителот да добие по 2/5, а брачниот другар да добие 1/5 наследен дел од оставината.

ПРЕДЛАГАЧ

_______________

## 2.4 Решение за наследување донесено од страна на нотар

О.бр.90/09

УДР.бр.28/09

Р.

Нотарот Милена Пановска како судски повереник на Основен суд Берово постапувајќи согласно чл. 126 став 1,2 и 3 и член 131 и 132 став 1 од Законот за Вонпарнична постапка во оставинскиот предмет по оставина на оставителот Стојчо Кочовски, по спроведената оставинска постапка на ден 13.10.2009 година го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ЕДИНСТВЕН ЗАКОНСКИ НАСЛЕДНИК на оставината на оставителот Стојчо Кочовски, роден на 12.09.1940 во Берово, починал на 12.07.2007 година во Штип, со последна адреса на живеење на ул. Страшо Пинџур, бр.123 во Берово, со ЕМБГ 1209940990002 СЕ ОГЛАСУВА:

1. Неговиот син Дејан Кочовски, роден во Берово на ден 30.03.1967 година со стан на ул. Страшо Пинџур, бр.123 во Берово, со ЕМБГ 3003967788001 и лична карта бр 54231 издадена од ОВР Берово на ден 10.07.2004 година на следниот:

ДВИЖЕН ИМОТ

- Моторно возило автомобил марка Passat, број на шасија:2011086228, број на мотор 50176, година на производство 1999, регистриран со рег. Ознака ШТ – 345 и
- Моторно возили трактор марка IMT, број на шасија 30100945999, број на мотор 01923, година на производсвто 1970, сила на мотор во KS 35, со кабина, нерегистриран
- Приклучни делови на трактор, два плугови и дрљачи

и

НЕДВИЖЕН ИМОТ

- ½ идеален дел од КП бр.39, план 003, скица 008, катастарска култура 15000 – ливада, 5 класа во м.в." Сиви дол" со вкупна површина од 15589м²;
- 1/3 идеален дел од КП бр. 2345, план 010, скица 050, катастарска култура 11000 – нива, 4 класа во м.в. Село со вкупна површина од 4890 м² во катастарска општина Умлена, утврдено со Имотен лист бр. 450 за КО Умлена издаден од Агенција за катастар на недвижности Скопје – Одд. Берово под бр. 20 – 1002/9120 на 20.01.2009 година
- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1 план 079, скица 45, катастарска култура 50000 – земјишта под згради во м.в. Јасеница со вкупна површина од 89м²
- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1 план 079, скица 45, катастарска култура 70000 – земјишта покрај згради во м.в. Јасеница со вкупна површина од 329м²
- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1 план 079, скица 45, катастарска култура 60000 – земјишта под помошни згради во м.в. Јасеница со вкупна површина од 98м²
- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1, вл.2, кат 01, стан 2 намена на зградата во м.в. Јасеница со вкупна површина од 70м²

Наследниците се должни за долговите на оставителот до висина на наследениот имот согласно чл. 137 од ЗН. Се утврдува вредноста на оставинската маса во согласност со учесниците во износ од 578 490,00 денари, за што е утврдена натарска награда во износ од 5000, оо денари и трошоци ___/______ денари и истата е наплатена од страна на учесниците во постапката. Судската такса во износ од 600, 00 денари е платена во судот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По спроведената оставинска постапка, по оставината на Стојчо Кочовски и по извршениот увид во Смртовница бр. 10-90 од 19.07.2007 година, Имотен лист бр. 456 за КО Умлена издаден од Агенција за катастар на недвижности Скопје, Одд. Берово под бр. 15-2901/0128 на 24.03.2008 гдина, Имотен лист бр. 156 за КО Умлена издаден од Агенција за катастар на недвижности Скопје, Одд. Берово под бр. 15-2901/0128 на 24.03.2008 година, Записник за извршена процена бр. 1200-290/1 од 4.03.2008 година издаден од Општина Пехчево – Одд. За финансии, во доказите цитирани во изреката на Решението, како и од изјавите на заинтересираните наследници нотарот го зеде како докажано следното:

Оставителот починал на ден 12.07.2007 година во Штип и после својата смрт, како законски наследници ги оставил учесниците - сопругата Костадинка Кочовска и синот Дејан Кочовски како и недвижниот имот опишан во изреката на решението.

По однос на имотот кој претставува оставина на покојниот, на Записник пред нотарот на ден 09.05.2009 година, согласно член 170 од ЗВП сите учесници дадоа наследнички изјави и тоа сопругата даде изјава дека се откажува од наследник на оставината која по закон и припаѓа, а на останатите наследници им го признава нивното право на наследување и која поучена согласно член 67 од Законот за сопственост и други стварни права изјави дека не бара да се издвои една половина од оставинската маса на оставителто, а по основ имот стекнат во брак со покојниот по пат на нивен заеднички придонес. Синот изјави дека се прифаќа за наследник на оставината која по закон му припаѓа, а на останатите наследници им го признава нивното право на наследување.

Врз основа на сето напред наведено, а во согласност со чл. 3, 12, 13 и чл. 133 од Законот за наследување и чл. 171 од Законот за вонпроцесна постапка и согласно дадените изјави на сите учесници на Записник дека тие се единствени наследници на оставината и дека оставителот не оставил тестамент, договор за доживотна издршка ниту договор за распределба на имот за време на живот, нотарот одлучи како во изреката на ова Решение. Одлучено во нотарска канцеларија на нотар Милена Пановска под О.бр.90/09, УДР.бр.28/09 на ден 13.10.2009 година.

Записничар Нотар

Наташа Крушарска Милена Пановска

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение не е дозволен приговор бидејќи наследниците се одрекоа од правото на приговор.

## 2.5 Пример за ЗАПИСНИК

**НОТАР** О.бр. ____ /08

УДР.бр. ____________________________________________________________ /08

О.У.бр. _____________________________________________________________ /08

**ЗАПИСНИК**

**од Рочиште за водење оставинска постапка составен на ден 01.03.2008 год**

Присутни од страна на Правна работа

Нотарската канцеларија -оставинска постапка на покојната ____________

Нотар како судски повереник

______________________

Записничар вработено лице кај Нотарот

________________________

Во нотарската канцеларија пред Нотарот како судски поверник во __________________ часот пристапија:

М.М. моминско Ф. родена _______ година во ______ од __________________ул._______занимање __ , ЕМБГ____________ **сестра на покојната,** утврдено врз основа на Извод матична книга на родените

**К.Л.** татково име ____ , роден _______ година во _____ од ул.________, занимање ________ , ЕМБГ ______________ **внук на покојната,** кој се јавува како наследник по право на преставување на неговиот татко од , кој починал пред оставителот, на ден ________________ во , во часот, брат на покојната, утврдено врз основа на Извод матична книга на родените и Извод матична книга на умрените **А.А. ____** моминско К. родена година во од ул _____________, занимање ________ , ЕМБГ _______________ **тестементален наследник,** несродна.

**Не е присутна С.С.-сестра на покојната,** утврдено врз основа на Извод матична книга на родените, уредно поканета.

Присатните наследници и тоа секој за себе под полна морална, материјална и кривична одговорност поединечно изјавија: Дека освен нив други наследници кои полагаат право на наследство врз основа на законот, на оставината на покојниот,нема. Покојниот нема засновано брачна заедница нема родени, вонбрачни ниту посвоени деца и дека покојната не сочинила друг Тестамент, Договор за доживотна издршка ниту Договор за распределба на имот за време на живот.

Учесниците - наследници изјавија дека не им е познато да покојниот има долгови спрема трети лица (физички или правни).

Оставинскиот предмет доставен до нотарот од страна на судот во своите списи нема смртовница туку само Извод од матична книга на умрените и Извод од матичната книга на родените Нотарот согласно член 143 од Законот за вонпроцесна постапка врз основа на податоците на наследниците и приложените документи составува

## СМРТОВНИЦА

Покојната се викала С.(татково име О.) Л., занимање _________ родена _________ година во ___________ , државјанин на Република Македонија, ЕМБГ ____________________ , починала во , на ден година, во _______________ __ часот, со живеалиште на ул." " број во _________.

Покојната била во брак со А.М. кој брак е правосилно разведен врз основа на правосилна Пресуда П.бр. на Основниот суд Скопје 2 Скопје од година, во кој брак не е се родени деца. Вонбрачни или посвоени деца нема.

Двајцата родители на покојната се умрени пред покојната, врз основа на Извод од матнична книга на умрените под тековен број издаден од на ден и Извод од матнична книга на умрените под тековен број _____ издаден од _____ на ден ____.

Во нивниот брак родени се 4(четири) деца и тоа:

1.Покојната;

2.Учесничката М.М. - сестра на покојната,

3.Учесникот К.Л.-внук на покојната по право на преставување на покојниот од ____, брат на покојната

4.С.С. - сестра на покојната, која не е присутна Од приложените документи и изјавите на наследниците се утврдува дека имотот на покојниот се состои од следниот:

НЕДВИЖЕН ИМОТ

**- стан** кој се наоѓа во __________ на ул. _________ бр. ___ , КП.бр.234/1 влез 1, кат 01, стан број ____.

ПОДВИЖЕН ИМОТ

**-патничко моторно** возило-Рено, тип ______ , шасија _______ , мотор ______ , година на производство ____________________ , регистарска ознака _________ , врз основа на Сообраќајна дозвола МК ________ издадена од _____ на__________ ден _______година.

Приближната вредност на целиот имот изнесува ------------- денари

Друг имот или право покојната не оставила.

Присутниот А.А. му предава на Нотарот еден судски тестамент на покојниот, затворен во бел плик на кој пишува Тестамент. По предавањето на ваквиот бел плик Нотарот во присуство на двајца полнолетни граѓани М.Н. со л.к.бр. _______ ЕМБГ од Скопје и Ц.Б. со

л.к.бр.______________________ :ЕМБГ _____ од Скопје во својство на сведоци согласно со член 156 од ЗВП пристапи кон отварање на обвивката во која се наоѓа тестаментот без притоа да го повреди печатот и се констатира дека се работи за судски тестамнет составен во Основниот суд во __________ број___________ од година., потпишана од покојната и двајца тестаментални сведоци Р.Р. и У.С. Тестаментот е напишан на машина за пишување на бел лист, од два листа на две страници, на кој ништо не е бришано, ниту прецртано, ниту додавано.

Во присуство на двајца сведоци на прогласување и во присуство на присутните учесници. Нотарот го чита тестаментот. Тестамент почнува со зборовите " при полна свест јас .............. , а завршува" ......... молам да се постапи после мојата смрт".

Под текстот на тестаментот стои потпис на покојната и сведоците на тестаментот.

На записникот при составување на судскиот тестамент потпишан е судијата

Се констатира дека покојната во знак на благодарност, како свој универзален наследник ја именувала својата пријателка А.А. од _____, која е единствена која во последните години се грижела за неа.

Нотарот донесе

**РЕШЕНИЕ**

Се Прогласува за отворен (обзнанет) тестаментот на покојната.

На изворникот на прогласениот судски тестамент ќе се стави Клаузула на прогласување и истиот ќе се чува во архивата на Нотарот посебно од другите списи. Во списите на овој предмет ќе се приложи заверен препис на судскиот тестамент.

Сите наследници поучени и опоменати во смисла на член 133 од Законот за Наследување, а согласно член 170 од ЗВП ја дадоа следната

**ТЕСТАМЕНТАЛНИ ИЗЈАВИ**

Јас, А.А. како тестаментален наследник ИЗЈАВУВАМ дека судскиот тестамент од ________ година под број _______ на Основниот суд Скопје 2 Скопје го признавам како полноважен

и вистинит, па врз основа тоа се прифаќам за наследник врз основа на тестамент. Потпис,

Ние, М.М.-сестрата на покојната и К.Л.- внук на покојната по право на преставување на покојниот од , брат на покојната ИЗЈАВУВАМЕ дека судскиот тестамент на покојната од година, под број на Основниот суд Скопје 2 Скопје, исто така го признаваме како полноважен и вистинит, па врз оставинскиот имот немаме никакви побарувања. Потпис,

Нотарот го донесува следното

**РЕШЕНИЕ**

I

Следното рочиште се закажува за ден __________Април 2008 година во 10 часот што на присутните им е соопштено и го примаат на знаење, а по писмен пат со покана ќе се покани законскиот наследник С.С.-сестра на покојната со препис на судскиот тестаментот. Тестаменталниот наследник се обврзува да го донесе бараниот нов Имотен лист број__, за КО______________________.

Вредноста на оставинскиот имот и нотарската награда накнадно.

Рочиштето е завршено во _________________________ часот

**Учесници: Сведоци:**

**Записничар НОТАР**

# ЗАКЛУЧОК

За на крај би било соодветно кратко резиме за спроведеното истражување за постапката за расправање на оставината. Во овој магистерски труг беа разработени постапките за расправање на оставината во Репубилика Северна Македонија и Република Хрватска, со цел да се воочат разликите помеѓу двете постапки. Со анализата на овие постапки, беа постигнати одредени сознанија. Така со оглед на фактот што овие две постапки потекнуваат од една постапка, постапката за расправање на оставина на поранешната СФРЈ, како и фактот што и двете држави припаѓаат на европското континентално право, беа воочени определни разлики кои постојат во постапките за расправање на оставината. Меѓутоа тие постапки не се толку големи што значително би ја вилијаело врз самиот процес на расправање на оставината. При анализата на законите на Република Северна Македонија и Република Хрватска јас заклучив дека во однос на постапката за расправање на оставина, нашето законодавство е со европски квалитет и стандард.

Спроведено беше методолошко истражување преку интревју со нотар, кој претставува како што знаеме поверник на судот и со тоа тој ја спроведува самата постапка за расправање на оставината. Од спроведеното истражување/интервју кај три нотари беше постигнат заклучок дека потребата од крупни измени во постапката за расправање на оставината е непотребно бидејќи и од спроведеното интервју и како и од горенаведената анализа на законодавствата постигнат е заклучок дека Република Северна Македонија имаефикасна постапка за расправање на оставината.

Но не е без маани. Од нотарите беше укажано дека сепак постојат определени препреки во спроведуваењето на постапката за расправање на оставината. Како еден од најголемите предизвици е постоењето на голема незаинтересираност и неинформираност кај странките учесници во постапката за расправање на оставината. Исто така сите нотари напоменаа дека има неправилности во работата на матичните служби, чии резултати од работењето не се задоволителни.

Заклучокот на ова истражувањее дека Република Северна Македонија во поглед на вонпарничното законодавство има закони со европски квалитет. Но е потребно работење во тоа да јавноста односно биде информирана повеќе во однос на самата постапка, каде скоро секој во определен дел од животот зема учество, како и реформа во работата на матичните служби.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Закон за вонпарнична постапка, Службен весник на Р.С. Македонија бр. 9/2008
2. Закон за нотаријат, Службен весник на Р.С. Македонија бр.72/2016
3. Закон за парнична постапка, Службен весник на Р.С. Македонија бр. 79/2005
4. Закон за меѓународно приватно право, Службен весник на Р.С. Македонија бр. 87/2007
5. Закон за наследување, Службен весник на Р.С. Македонија бр. 47/1996
6. Zakon o nasljeđivanju, NN **48/03**, **163/03**, **35/05**, **127/13**, **33/15**, **14/19** na snazi od 15.02.2019
7. Граѓанско применето право (наследно право)/ Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов.- Скопје :Блесок, 2011
8. Граѓанско процесно право – книга втрора вонпарнично право/ Арсен Јаневски, Татјана Зороска – Камиловска, Скопје, 2010
9. Наследувањето во европа/ Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов.- Скопје :Блесок, 2011
10. Меѓународно приватно право/ Поликсена Гавроска, Тони Дескоски – Скопје, Правен факултетет „Јустинијан Први“ Скопје, 2010
11. Наследно право во Република Македонија/ Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов.- Скопје :Блесок, 2010
12. Практикум за наследно право/ Марија Радевска, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Кочани, 2012
13. Нотариус, бр. 4
14. Нотариус, бр. 11